Анализа на младинските трендови во Македонија

# МЛАДИНСКИ ПОТРЕБИ И МЛАДИНСКО ОРГАНИЗИРАЊЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА



СЕГА
Коалиција на младински организации
www.sega.org.mk

Коалиција на младински организации СЕГА

# Анализа: Младински потреби и младинско организирање во Република Македонија

Проект:
„Истражување на младинските трендови во Република Македонија“

**Прилеп, ноември 2010**

**Наслов на публикацијата:**

Младински потреби и младинско организирање во Република Македонија

**Автори:**

М-р Елизабета Марковска Спасеноска

М-р Марија Нашоковска

**Издавач на публикацијата**: Коалиција на младински организации СЕГА, ноември 2010; Извршен Директор: Зоран Илиески

**Дизајн:**

Моника Илиоска

**Тираж:**

100 примероци



СЕГА
Коалиција на младински организации
www.sega.org.mk

Агенција за млади и спорт

**СОДРЖИНА**

1. Резиме - Клучни наоди и препораки ....5

2. Методологија на истражувањето ....9

3. Примерок на истражувањето .... 11

4. Анализа на наодите според селектираните области .... 13

4.1. Образование .... 13
4.1.1 Заклучоци .... 18
4.1.2 Препораки .... 19
4.2. Младинско учество, застапување на младите, активизам и волонтерство .... 20
4.2.1 Заклучоци .... 28
4.2.2 Препораки .... 28
4.3 Вработување .... 29
4.3.1 Заклучоци .... 32
4.3.2 Препораки .... 32
4.4 Младинско организирање .... 33
4.4.1 Заклучоци .... 35
4.4.2 Препораки .... 36
4.5 Култура, забава и спорт .... 36
4.5.1 Заклучоци .... 41
4.5.2 Препораки .... 42
4.6 Девијантни појави, социјална исклученост .... 42
4.6.1 Заклучоци .... 44
4.6.2 Препораки .... 44

5. Наоди од мапирањето на младинските организации во Македонија.... 45

5.1 Општи податоци .... 45
5.1.1 Заклучок.... 47
5.2 Целни групи и членство .... 47
5.2.1 Заклучок.... 49
5.3 Поле на работа .... 50
5.3.1 Заклучок.... 50
5.4 Персонал и волонтери .... 51
5.4.1 Заклучок.... 52
5.5 Техничка и просторна опременост .... 53
5.5.1 Заклучок.... 54
5.6 Финансии .... 54
5.6.1 Заклучок.... 56
5.7 Препораки за јакнење на младинското организирање во Македонија .... 56

6. Краток компаративен приказ на младинското организирање во Македонија, ЕУ и Балканските земји .... 59

7. Прилози .... 61

8. За Коалиција СЕГА .... 83

9. Користена литература .... 85

# 1. Резиме - Клучни наоди и препораки

Истражувањето на младинските потреби и младинското организирање во Македонија имаше општа цел да ги испита состојбите во младинскиот сектор и да ги регистрира евентуалните подобрувања или пак падови во однос на младинските потреби и младинското организирање. Во таа насока беше спроведен сеопфатен процес на прибирање информации за двете наведени сфери. За прибирање на информациите се користеше анкетата како главен инструмент, како за истражување на ставовите на младите, така и за мапирање на младинските организации. Како дополнителни инструменти, а се со цел подлабоко квалитативно да се анализираат собраните податоци, се реализираа 10 регионални дискусии (фокус групи со засегнати страни од различни градови во 5 региони и тоа Тетово, Охрид, Прилеп, Штип и Скопје) и една национална дискусија.

Добиените резултати како во шесте сфери кои се однесуваат на младинските потреби, така и во делот на младинско организирање, упатуваат на заклучок дека во изминатите 6 години (од 2004 година кога е објавена претходната Основна студија за младинските потреби) не е работено систематски и интензивно со цел да се адресираат младинските потреби и да се развие младинскиот сектор. И покрај напорите на Агенцијата за млади и спорт, посебно на секторот млади, за да се добијат повеќе фондови за младите, (воведувањето систем на поддршка на младинските организации по пат на јавен конкурс на годишно ниво, изготвувањето на Националниот акционен план за спроведување на НСМ) сепак заради недостаток на волја за афирмирање на младинската политика и младинските прашања како приоритет, денеска сме сведоци на општа стагнација во секторот. Од искуството кое го стекнавме работејќи на истражувањето може да се заклучи дека состојбите на локално ниво иако се одраз на севкупната национална состојба, се дури и полоши, посебно во делот на инфраструктурата, младинското учество и информирањето. Политизацијата на општеството дополнително придонесува за зголемување на младинската апатија и неиницијативноста, заради неверувањето на младите во самите себе дека се ресурс на општеството и движечка сила на сегашноста и иднината.

Младинските организации иако во поголем број споредбено со претходните истражувања сеуште не добиваат доволна поддршка од страна на државата за работа со младите. Заради некоординираноста во делувањето на младинските организации постои некоординирана распределба на фондови и многу скромна поддршка од државниот буџет наменета за младинските организации. Дури и таа поддршка која е на располагање е раширена на различни проекти и во многу мали финансиски интервенции чиј ефект исчезнува по завршувањето на проектот. Финансирањето од странските донатори е подобрено за разлика од претходните години што укажува на фактот дека младинските проблеми стануваат поприоритетни на агендата на донаторите.

Младинските организации структурно се поставени според барањата на Законот за здруженија на граѓани и фондации, но функционалноста на структурата треба дополнително да се испитува, дотолку повеќе што голем дел од овие организации работат непостојано, од проект на проект без да обрнуваат поголемо внимание на организацискиот менаџмент. Македонија сеуште нема претставник во Европскиот Младински Форум. На национално ниво, и покрај постоењето на национална младинска коалиција сеуште не постои единствен национален младински совет или платформа која ќе ги обединува младинските организации. Немањето на официјално призната национална младинска платформа на Македонија како структура на

организации, оневозможува да се одреди буџетска линија во рамки на државниот буџет која ќе биде наменета за покривање на трошокот за персонал и тековните трошоци, како и за некои клучни програмски активности, за кои младинските организации сметаат дека се приоритет. Најголем дел од младинските организации делуваат во изнајмени простории, со ад хок приходи за покритие на тековните трошоци, немаат доволно простор ни за изведување на своите активности што пак потенцијално ги оддалечува од нивната целна група и ги прави непостојани во делувањето.

Во поглед на функционалноста на организациите мора да се истакне дека најголемиот дел воопшто не се профилирани како во поглед на основната дејност, така и во поглед на специфичната целна група со која работат. Интерсекторската природа на младинската политика доведува до конфузија во дефинирањето и препознавањето на младинските организации. Од една страна во секторот има недостаток на експертиза за третман на младинските проблеми, а од друга страна пак недоволен фокус на организациите во процесите на креирање младински политики бидејќи нивната примарна цел не се младите, туку сет од различни целни групи кои се засегнати од еден проблем. Ангажираноста на младите во младинските организации е на ниско ниво, што го зголемува јазот помеѓу целната група и младинските организации кои би требало да бидат застапници на младите. Дополнително како резултат на ваквата состојба младите развиваат перцепција дека организациите се „перални на пари“.

Ефектите од младинската работа многу малку се видливи. Истражувањето покажа дека младите не се задоволни од состојбите во сите сфери кои беа истражувани. Но исто така, истражувањето покажа и дека младите луѓе многу малку се иницијативни и проактивни. Младинските иницијативи ги има многу малку, а и тие што ги има се дисперзирани, некоординирани и со минимален ефект кој за многу кратко време исчезнува. Дополнително, опфатот на целната група преку таквите мали младински иницијативи е ограничен во поглед на бројот на младите луѓе кои се вклучуваат и во однос на прашањата и проблемите кои се третираат преку тие иницијативи. Волонтерството не е непознато за младите луѓе и тие декларативно го поддржуваат, но клучниот наод покажува дека над 60% од младите луѓе досега не волонтирале. Во некои општини состојбата е дури и многу полоша, односно укажува дека над 80% од младите никогаш не волонтирале.

Младите скоро воопшто не учествувале во донесувањето одлуки како на локално така и на национално ниво. Тие ниту практично, а многу малку и теоретски го познаваат нивното право да учествуваат во донесувањето одлуки кои ги засегаат, како во образовните институции, така и во останатите локални и национални институции. Исто така младите малку знаат и за механизмите за учество во донесувањето одлуки. Од друга страна и самите надлежни институции многу малку се запознаени со ова младинско право и со начините за негово спроведување. На локално ниво започнати се процеси за воспоставување совети на млади и претставнички тела, меѓутоа дискутабилна е поддршката на овие иницијативи на подолг рок, а со тоа и одвојувањето на фондови од буџетите на општините за поддршка на работата на овие тела.

Младите луѓе многу малку им веруваат на средношколските и студентските организации и скоро воопшто не ги гледаат како застапници на нивните права. Во средните училишта состојбите се дури и полоши ако се има во предвид фактот дека голем дел од младинските заедници во овие училишта или не функционираат или функционираат само формално и за прашања кои немаат посебна важност за младите. На ниво на студентско организирање пак, младите ги перципираат студентските организации како длабоко

исполитизирани кои работат во интерес на политичката партија која е на власт и која ги поддржува.

Младите луѓе многу малку го користат своето слободно време за културни активности и спорт. Тие не се вклучени во дизајнирањето на културната понуда што дополнително придонесува да не посетуваат културни настани бидејќи не се задоволни со понуденото. На локално ниво состојбата со културната понуда е полоша за разлика од Скопје, а истото важи и за бројот на културните објекти во општините кои се достапни на младите. По однос на спортот тој сеуште останува поомилена активност за машката популација, но треба многу да се работи на анимирање на младите да се занимаваат активно со спорт. Според истражувањето отсуствуваат организирани спортски активности во училиштата, и изостануваат масовни спортски манифестации. Дополнително и покрај заложбите за изградба на спортски сали, ќе треба сериозно да се размисли каква содржина можат тие да понудат за да ја анимираат младата популација.

Во делот на девијантни појави и социјална исклученост сеуште пушењето и алкохолизмот се двете најраспространети појави, но во последно време се појавуваат и хазардните игри и игрите на среќа како едни од девијантните појави кои ги практикуваат младите луѓе. Социјалната исклученост на младите воопшто е последица на немањето поддршка од страна на државата за воспоставување на младински центри кои би ги анимирале младите и би се грижеле за нивно поврзување и со други институции. Како резултат на ова младите се изјаснуваат дека би ја напуштиле државата и не би се вратиле да живеат повторно тука.

Во поглед на формалното образование младите луѓе иако повеќе би сакале да се школуваат на државните универзитети, сепак не се задоволни од она што тие го нудат за развој на нивниот талент и креативност. Тие не се чувствуваат подготвени да се вклучат на пазарот на трудот по завршувањето на образованието и сметаат дека голем дел од образовните институции продуцираат кадар кој е непотребен на пазарот на труд. Радува фактот што младите на возраст од 15 – 18 години се претприемнички настроени и по завршување на образованието би си отвориле сопствен бизнис. За разлика од ова групата млади од 25 – 29 години сеуште се определуваат за работа во државна администрација. Во поглед на неформалното образование младите имаат многу малку информации какви сѐ видови на обуки можат да добијат и воглавно бараат образование кое ги надополнува нивните вештини кои би требало да ги стекнуваат во редовниот образовен процес. За дополнителни вештини кои би можеле да ги стекнат малку или воопшто не се размислува.

За подобрување на состојбите во шесте клучни сфери кои се истражуваат дадени се препораки специфично за секоја област. Она што може генерално да се препорача е да се обрне поголемо внимание на младите како целна група при спроведувањето на секторските политики. Приоритетно, надлежните институции би требало да се насочат кон вработување на младите и подобрување на образованието како двигатели на младинскиот развој, а потоа и кон вклучувањето на младите во донесувањето одлуки на сите нивоа. Се препорачува образовните реформи кои се преземаат да ги вклучат младите како активни корисници уште во самиот дизајн на реформите и понатаму во фазите на примена. Во поглед на вработувањето, најголемата апатија кај младите произлегува од длабоката партизација на вработувањата и фактот дека скоро воопшто не се ценат квалификациите и знаењата. Во тој контекст се препорачува да се донесат политики на вработување кои ќе дадат приоритет на спроведувањето транспарентни вработувања барем за оние позиции каде интересот на политичката опција која е на власт не е клучен. Паралелно со ова, со цел да се зголеми уделот на младите луѓе и нивниот креативен придонес се препорачува да се анализира застапеноста на младите на одлучувачки позиции

и во тела кои одлучуваат, но на оние млади кои не се политички активни. Соодветно на ова да се преземат и директни активности и законски решенија за зголемување на младинскиот удел во одлучувањето.

По однос на младинското организирање донесувањето на Закон за млади би можело многу да ги унапреди работите во оваа сфера. Во контекст на законот се препорачува да се дискутираат критериумите за дефинирање на статусот младинска организација и поблиску дефинирање на специфичните целни групи млади. Исто така неопходно е законски да се уреди младинското застапување преку единствена национална платформа.

## 2. Методологија на истражувањето

Според претходно направената проблемска анализа се дефинираа неколку цели кои требаше да се остварат преку истражувањето и тоа:

- Да се истражат ставовите на младите луѓе за сферите кои се од значење за нивниот живот и развој и во најголем дел се опфатени со Националната стратегија за млади (НСМ)
- Да се дефинираат приоритетни области во кои е потребно итно делување со цел подобрување на состојбата на младите луѓе
- Да се утврди моменталната ситуација со младинското организирање во Република Македонија, состојбата во која работат формите на младинско организирање и функцијата која ја остваруваат
- Да се утврдат основни насоки за содржината на законската регулатива со која би се регулирале младинските прашања и младинското организирање во Македонија
- Да се дадат препораки за дефинирање на статусот младинска организација и целната група млади
- Да се обезбедат релевантни информации за надополнување и ажурирање на НСМ

За да се постигнат наведените цели беше подготвена сеопфатна методологија која вклучи низа истражувачки активности кои ќе бидат објаснети подолу. Фокусот (предметот) на истражувачките активности беше лоциран од една страна на клучните сфери од интерес на младите луѓе, но од друга страна и врз младинското организирање како претпоставена поддршка на младите луѓе во државата. Се истражуваа младинските трендови и потреби во следниве области:

- образование (формално и неформално)
- вработување и економски можности
- девијантни појави и социјална исклученост
- култура, забава и спорт
- младинско учество, застапување на младите, младински активизам и волонтерство
- младинско организирање

Другиот дел од предметот на истражувањето кој се однесува на скенирање на состојбата со младинското организирање предвиде изготвување мапа со основни податоци за клучните форми на младинско организирање кои постојат, т.е. младински НВО, неформални младински мрежи и групи, подмладоци на политичките партии, средношколски сојузи и организации, студентски сојузи и парламент и сл. Се прибраа податоци за:

- статус и внатрешната структурираност и документација
- целни групи и членство
- поле и методи на работа
- персонал и волонтери
- техничка и просторна опременост
- финансии

Главниот истражувачки метод за утврдување на младинските потреби и трендови беше анкетата која се спроведе со вкупно 1040 млади на возраст од 15 – 29 години. Анкетата се спроведе во 13 општини и тоа: Куманово, Чаир, Кисела Вода, Тетово, Дебар, Струга, Охрид, Битола, Прилеп, Кавадарци, Свети Николе, Штип и Струмица. Испитаниците самостојно ги пополнуваа анкетните прашалници, а обучените анкетари на Коалиција СЕГА им беа на располагање за дополнителни информации и појаснувања во врска со анкетниот прашалник.

По добивањето на основните наоди за истражуваните области се реализираа 10 регионални дискусии во 5 региони (Скопје, Тетово, Охрид, Прилеп, Штип), по две фокус групи во секој регион. Првите дискусии се фокусираа на образование, девијантни појави и култура и спорт, додека вторите фокус групи на преостанатите три области и тоа младинско учество, вработување и младинско организирање.

За скенирање на состојбата со младинското организирање исто така главниот метод беше анкета. Се изготви анкетен прашалник, кој се дистрибуираше до 103 организации и подмладоци на политички партии по електронски пат. Одговарањето на прашалникот исто така беше по електронски пат при што одговорија вкупно 55 организации.

Со цел да се презентираат добиените наоди од спроведените истражувања и да се финализираат податоците како во делот на младинските потреби, така и во делот на младинско организирање, се реализираше национална конференција на која присуствуваа претставници на младински организации, министерства, Агенцијата за млади и спорт и претставници од кабинетот на Претседателот на државата. На дискусијата се потврдија наодите добиени преку истражувањата и се даде генерална препорака за што е можно поголема вклученост на младинските организации при понатамошните дискусии, посебно во процесот на подготовки за иницирање Закон за млади.

Исто така како за поддршка на добиените наоди и за дополнителен аналитички преглед се користеа релевантни документи како на пример Основната студија за младинските трендови изработена во 2004 година, Националната стратегија за млади, Стратегијата за вработување на Владата, Националната програма за развој на образованието и 10 локални истражувања кои се изработија во текот на 2010 година во 10 општини во Македонија со поддршка на Коалиција СЕГА.

# 3. Примерок на истражувањето

За реализација на анкетата за утврдување на младинските потреби и трендови во дефинираните области се селектираше комбиниран примерок на млади луѓе на возраст до 15 – 29 години. Примерокот беше селектиран според податоците од пописот на населението од 2002 година. Како критериуми за статистичка репрезентативност на примерокот се примена на полот, етничката припадност и возрасната структура, додека граѓанскиот статус, образовната подготовка и застапеноста на млади од рурални и урбани места во состав на општините беа искористени како дополнителни критериуми. На ваков начин се обезбеди максимална репрезентативност. Во продолжение е даден приказ на примерокот во Табела 1 (стр. 12).

При реализацијата на регионалните дискусии се планираше да се обезбеди застапеност од различни клучни страни и тоа:

- претставници од младински организации, политички подмладоци, претставници на средношколски и студентски заедници и сојузи
- по два советника од локалната администрација во секоја дискусија соодветно на темите кои ќе се обработуваат
- Советници во советот на општината од два градови во регионот (по еден од позиција и опозиција)
- Претставници од рурални места во регионот (на возраст од 15 – 30 години)
- Претставници од локални институции во регионот соодветно на темите кои се разработуваа на дискусијата (школи, болници, центри за социјална работа, домови на култура)

При обезбедување на учесниците на регионалните дискусии се појавија тешкотии, а исто така еден дел од учесниците иако го потврдувале своето учество не присуствуваа. Меѓутоа регионалните дискусии се реализираа според зацртаното, а добиените наоди беа понатаму дополнети со податоци од претходно спроведените локални истражувања на младинските потреби во 10 општини во Македонија.

Табела 1 – Структура на примерок за Република Македонија (вкупно испитаници 1040)

| Возрасна група | Пол | | | Етничка припадност | | | | | | | | Место на живеење | | Степен на образование | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **М** | **Ж** | **Не одговорил** | **Македонец/ка** | **Албанец/ка** | **Турчин/ка** | **Ром/ка** | **Влав/Влаинка** | **Бошњак/ка** | **Друго** | **Не одговорил** | **Град** | **Село** | **Без основно** | **Основно** | **Средно во земјата** | **Средно во странство** | **Висока школа** | **Факултет во земјата** | **Факултет во странство** | **Магистратура** | **Докторат** | **Не одговорил** |
| 15-19 | 172 | 177 | 3 | 256 | 72 | 10 | 9 | 1 | 2 | 2 | 0 | 324 | 28 | 6 | 126 | 205 | 10 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 3 |
| 20-24 | 186 | 176 | 2 | 267 | 74 | 8 | 6 | 1 | 2 | 5 | 1 | 336 | 28 | 1 | 11 | 180 | 7 | 34 | 109 | 13 | 7 | 0 | 2 |
| 25-29 | 157 | 167 | 0 | 243 | 59 | 8 | 3 | 1 | 1 | 7 | 2 | 310 | 14 | 0 | 9 | 116 | 2 | 20 | 152 | 12 | 12 | 1 | 0 |
| **Вкупно:** | **515** | **520** | **5** | **766** | **205** | **26** | **18** | **3** | **5** | **14** | **3** | **970** | **70** | **7** | **146** | **501** | **19** | **54** | **263** | **25** | **19** | **1** | **5** |
| | **1040** | | | **1040** | | | | | | | | **1040** | | **1040** | | | | | | | | | |

| Возрасна група | Брачен статус | | | | | Работен статус | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Неомажена/ неоженет | Омажена / оженет | Разведена / разведен | Самохрана мајка / татко | **Не одговорил** | **Да, со платени придонеси** | Да, хонорарно | Невработен | **Не одговорил** |
| 15-19 | 336 | 10 | 1 | 0 | 5 | 8 | 34 | 301 | 8 |
| 20-24 | 307 | 51 | 3 | 2 | 1 | 94 | 67 | 200 | 2 |
| 25-29 | 185 | 136 | 2 | 1 | 0 | 173 | 52 | 98 | 1 |
| **Вкупно:** | **828** | **197** | **6** | **3** | **6** | **275** | **153** | **599** | **11** |
| | **1040** | | | | | **1040** | | | |

# 4. Анализа на наодите според селектираните области

## 4.1. Образование

Областа образование во истражувањето беше третирана преку единаесет прашања на кои испитаниците можеа да изберат една или повеќе опции во зависност од прашањето. Половина од испитаниците имаат завршено средно образование, додека 28% се со завршено високо образование, а само 2% од испитаниците имаат завршено магистратура или докторат. Според 71% од испитаниците образовните институции (средни училишта и факултети) не нудат соодветна подготовка со цел младите луѓе по излегувањето од образовната институција да можат полесно да најдат работа или да отворат сопствен бизнис. Вакво мислење подеднакво имаат и вработените и невработените млади луѓе во државата.

Според мислењето на учесниците од регионалните дискусии ваквата состојба се должи на фактот дека сеуште во средното и високото образование преовладува теоријата наместо праксата во наставата. Позитивен чекор е направен со воведувањето на задолжителната 30-дневна пракса за високообразовните институции и во средните стручни училишта, иако сеуште не е регулирано во целост како ќе се изведува, кој треба да ја обезбеди, какви услови треба да се обезбедат со цел спроведување на праксата. Кадарот кој излегува од образовните институции не само што не е соодветно оспособен, туку и не одговара на потребите на пазарот на трудот, т.е. постои несогласување на понудата и побарувачката. Постои хиперпродукција на образовани млади луѓе кои не можат да најдат соодветно вработување. Од друга страна постоечката корупција пред се во високото образование дополнително придонесува за намалување на квалитетот на кадарот.

**Според тебе, кој од универзитетите нуди подобра образовна подготовка?**

| | Фреквенција | % |
|---|---|---|
| Не одговорил | 7 | 0,7 |
| Државните универзитети | 465 | 44,7 |
| Приватните универзитети | 343 | 33,0 |
| Не знам | 225 | 21,6 |
| **Вкупно** | 1040 | 100,0 |

Кога треба да изберат дали државните или приватните универзитети нудат подобра образовна подготовка, 45% од испитаниците се определиле за државните универзитети кои на младите им нудат подобра образовна подготовка. Најголемиот број од испитаници кои ја одбрале опцијата ‘не знам’ не се студенти, т.е. или се средношколци или своето образование не го продолжиле на некоја од високо образовните институции.

Слично е и размислувањето на испитаниците во однос на изборот на универзитет доколку за тоа би им се укажала можност. Повеќе од една третина од младите би избрале да се запишат на државен универзитет, 33% ако имаат можност би студирале во странство, а 29% избрале дека би сакале да студираат на приватен универзитет. Овој наод го потврдува мислењето на

испитаниците дека државните универзитети нудат подобра образовна подготовка. Тоа може да биде и резултат на тековните збиднувања со одредени приватни универзитети кои се под лупата на инспекциските служби заради неисполнување на одредени услови за работа и ризикот младите да не можат да го комплетираат своето образование.




Кога станува збор за условите за работа на образовните институции како што се инфраструктурата и опремата, за 65% од испитаниците тие се задоволителни или добри т.е. избрале одговори кои укажуваат на просечни услови за работа. Кога се разгледуваат опциите кои укажуваат на многу добри, одлични или лоши услови за работа, многу мал процент на испитаници, само 9% сметаат дека условите се многу добри или одлични. Не постои разлика според демографските карактеристики во размислувањето на младите, односно подеднакво се застапени различните групи според демографските параметри.

Покрај условите за работа 32% од младите сметаат дека ниту училиштата, ниту факултетите нудат доволно можности за развој на креативноста и талентот кај младите луѓе, наспроти 20% од испитаниците кои велат дека и училиштата и факултетите нудат подеднакви можности за развој на креативноста и талентот кај младите луѓе. За 24% од испитаниците, факултетите нудат повеќе можности за креативен развој на младите.

Младите на возраст од 25-29 години се најбројни во размислувањата дека ниту училиштата, ниту факултетите не нудат доволно можности за развој на креативноста и талентот кај младите.




И според размислувањата на учесниците од регионалните дискусии и училиштата и факултетите не нудат скоро ништо како би ја поттикнале креативноста и талентот кај младите. Иако постојат посебни позиции во училиштата како на пример Педагози и Психолози кои во еден дел од својата работа треба да се грижат за развој на талентот кај учениците, тие тоа многу ретко го прават. Во некои училишта постојат секции, во кои може да членуваат талентираните ученици, но често пати таквите секции се само на хартија. Нема голем избор на натпревари и конкурси кои би им значеле на учениците, но исто така професорите на тие натпревари кои постојат имаат тенденција да ги испраќаат своите омилени ученици. Не постојат посебни програми за талентирани млади, наставниците често пати користат застарени методи, без поттикнување на проактивноста во наставата. Но од друга страна пак, според мислењето на дел професори, тие немаат доволно часови за креативна настава и често пати работат со голем број ученици во еден клас па скоро е невозможно да се применуваат некакви креативни методи.

Кога станува збор за постоење на корупција на високообразовните институции, 59% од испитаниците сметаат дека таа е голема или многу голема, додека 22% не знаат дали професорите на високообразовните институции се корумпирани. Само 3% од младите мислат дека не постои корупција на високообразовните институции.

**Корумпираноста на професорите на високообразовните институции е:**

| | Фреквенција | % |
|---|---|---|
| Не одговорил | 5 | 0,5 |
| Многу голема | 222 | 21,3 |
| Голема | 391 | 37,6 |
| Мала | 168 | 16,2 |
| Нема корумпираност | 26 | 2,5 |
| Не знам | 228 | 21,9 |
| **Вкупно:** | **1040** | **100,0** |

Машките во многу поголем број сметаат дека корупцијата е мала во споредба со девојките. Исто така, младите на возраст 15-19 години во најголем број не знаат дали има корумпираност на високообразовните институции што е разбирливо, бидејќи најголем дел од нив сеуште се средношколци. Повеќе од половината млади (226 од 364) на возраст 20-24 години кои и најчесто се студенти сметаат дека корупцијата на високообразовните институции е голема или многу голема.

Прашањето за ефектот од реформите во образованието ги подели младите во нивните размислувања. Најголем број од испитаниците или 32% сметаат дека ефектот сеуште не е видлив и нивното објаснување за тоа е дека треба време да се види ефектот, бидејќи според нив реформските чекори се исправни и потребни.

За 30% од младите има минимален ефект. Според нив добро е што се воведени реформи како компјутеризација, обука на наставници, но изостануваат резултати во работењето на наставниците, бидејќи тие ретко воведуваат новини во образовниот процес. Исто така младите сметаат дека компјутерите не се користат редовно во наставниот процес или се користат несоодветно.



Според 21% од младите реформите се избрзани и без никаков ефект. Нивното размислување го поткрепуваат со аргументи дека воопшто не е направена проценка на потребите во образованието како и на условите за воведување на реформите со што ефектот е негативен. Размислувањата одат дотаму што некои од младите сметаат дека реформите требало временски да се распределат и да се воведуваат една по една откако веќе воведената реформа ќе даде првични позитивни резултати. Дури и младите кои се политички активни се поделени во нивните мислења за ефектите од реформите, веројатно поддржувајќи ја сопствената политичка опција во зависност од тоа дали таа е во позиција или опозиција.

Малку повеќе од половината испитаници т.е. 54% во последните две години учествувале во некаква форма на неформално образование. Девојките во поголем број биле вклучени во неформалното образование во однос на машките. Како што се зголемува степенот на образование, се зголемува и бројот на млади кои се вклучуваат во неформалното образование. Дури 69% од испитаниците кои имаат факултетско образование биле вклучени во некаква форма на неформално образование во споредба со 46% на испитаниците кои завршиле средно образование. Исто така младите кои се вработени многу повеќе се вклучуваат во неформалното образование во споредба со невработените. Тоа може да биде показател дека една од причините за младите да се вклучат во неформалното образование е и потребата за нивно надоградување и напредување на работното место, што како мотив отсуствува кај невработените.

Скоро половина од испитаниците – 48% сметаат дека заинтересираноста на младите да се надградуваат преку неформалното образование е индивидуална работа и заради тоа ја одбрале опцијата дека некои се заинтересирани, додека




други не. Само 8% од испитаниците сметаат дека младите се многу заинтересирани да се надоградуваат преку оваа форма на образование, додека за 26% од испитаниците заинтересираноста на младите за овој вид на образование е многу мала. Половина од испитаниците кои сметаат дека младите се многу слабо заинтересирани за да се надоградат се невработени.

За да ја подобрат состојбата со неформалното образование и неговата достапност до младите, 45% од испитаниците сметаат дека младите се зачленуваат во НВОи за да го подобрат сопствениот пристап до постоечката понуда на неформалното образование, додека 37% од испитаниците сметаат дека младите не се заинтересирани ништо да превземат. Младите од Куманово во најголем број сметаат дека членството во НВОи во голема мера ја зголемува можноста за учество во неформалното образование. Повеќе од половина од младите кои членуваат во некоја НВО се на истото мислење, т.е. дека членството во вакви организации ја зголемува можноста на младите луѓе да се вклучат во неформалното образование. Повеќе од една третина од невработените сметаат дека младите не преземаат ништо за да ја подобрат состојбата со неформалното образование.

Според испитаниците, курсевите за странски јазици и компјутери би биле најинтересен вид на неформално образование. Овие два вида на неформално образование ги избрале 41% т.е. 37% од испитаниците. Ваквиот избор може да се должи на потребата на младите од дополнителни знаења во овие две области, а кои би им биле во исто време корисни за совладување на материјалот во училиштата т.е. факултетите. По нив следуваат неформално образование за човекови права и сексуално и репродуктивно здравје од што може да се заклучи дека ваквите видови на знаења не се доволно присутни во редовниот образовен процес на младите во Република Македонија. Многу мал број на испитаници (само 3%) навеле други видови на неформално образование кои не им беа понудени и најчесто навеле дека како најинтересни форми на неформално образование би биле подготовка на апликации за вработување и изработка на бизнис планови за претприемачки активности.

### *4.1.1 Заклучоци*

Младите во Република Македонија сметаат дека по завршувањето на образовниот процес, без разлика дали е тоа средно училиште или факултет не се подготвени активно и успешно да се вклучат во пазарот на трудот и да најдат соодветна работа или да започнат сопствен бизнис. Условите за работа на високообразовните институции, како и испораката на знаење според младите се подобри на државните универзитети иако не се задоволни од можностите кои ги имаат за да ја развиваат својата креативност и талент.

Реформите во образованието за најголем дел од младите се потребни, меѓутоа голем дел од испитаниците не се сложуваат со начинот и динамиката на кој истите се реализираат во образовните институции. Иако забележителен број на млади сметаат дека е потребно повеќе време за да се види било каков ефект од реформите, истите забележуваат дека ниту институциите, ниту наставниот кадар, ниту учениците/студентите не се подготвија соодветно за да можат реформите да течат непречено.

Иако повеќе од половината млади во последните две години биле вклучени во различни видови и форми на неформално образование, изборот на неформално образование се сведува на курсеви по странски јазици и компјутери. Евидентно е дека младите се решаваат за овие форми како најинтересни бидејќи истите им го надополнуваат знаењето кое го стекнуваат во редовниот образовен процес, но ретко им овозможуваат да се стекнат со нови знаења и вештини кои не ги добиваат во редовното образование. Изборот на младите на неформално образование од областа на човековите права и сексуалното и репродуктивно здравје дополнително укажуваат на отсуството на овие теми од редовниот образовен процес иако е предвидено по определени

предмети да се изучуваат и овие теми. Многу мал број на млади сметаат дека неформалното образование треба да покрива теми кои ќе им ги подобрат вештините за добивање на работно место или започнување на сопствен бизнис.

### 4.1.2 Препораки

- Да се зголеми практичната настава за сметка на теоретската настава како во средните училишта, така и на факултетите.
- Да се предложат измени во наставните содржини кои ќе овозможат соодветно квалификување на младите според потребите на побарувачката на кадри на пазарот на трудот
- Да се отпочне политика на смислено образување на кадри соодветно на потребите на пазарот на труд како во смисла на видови на профили така и во смисла на бројност на оспособен кадар
- Да се запознаат младите луѓе (учениците и студентите) со реформите кои се воведуваат или се планира да се воведат во образованието, со цел да може подобро да ги разберат, да ги прифатат но и да предложат измени доколку имаат искуства кои би укажале на поинакви реформи од предложените
- Да се информираат младите поблиску што значи неформално образование, какви се видови има и каде можат да го добијат
- Да се направи истражување за потребите на младите од видовите неформално образование

## *4.2. Младинско учество, застапување на младите, активизам и волонтерство*

На прашањето колку правата на средношколците и студентите се почитуваат од страна на возрасните, 71% од младите сметаат дека во средните училишта правата на средношколците делумно се почитуваат. Од друга страна пак за 52% од испитаниците правата на студентите повеќе се почитуваат на приватните отколку на државните универзитети. Само 12% од испитаниците мислат дека државните универзитети повеќе ги почитуваат правата на студентите во споредба со приватните. Целосно почитување на правата на средношколците и студентите постои за 21% од испитаниците со тоа што за поголем број млади целосното почитување на правата (12%) е забележително во средношколските образовни институции.

Посебно интересен е наодот дека приватните универзитети повеќе ги почитуваат правата на студентите кога истиот ќе се спореди со ставот на младите дека државните универзитети овозможуваат подобра образовна подготовка и дека кога би имале можност да бираат каде ќе се запишат би ги одбрале државните универзитети. Можеби, финансискиот момент т.е. можноста за помали трошоци на студирање ги прави поатрактивни државните универзитети. Предноста на приватните универзитети во однос на почитувањето на правата на студентите подеднакво им ја даваат и средношколците и студентите и оние кои веќе дипломирале.




За 47% од младите средношколските организации делумно ги претставуваат и застапуваат интересите на средношколците. Најмладата возрасна група од 15-19 години кои и всушност ја претставуваат средношколската популација се најбројни во мислењето дека средношколските организации не ги претставуваат и застапуваат интересите на средношколците. Во голем процент – 21% од испитаниците не знаат дали интересите на средношколците се соодветно претставени и застапени од средношколските организации. Ваквиот одговор може да се должи на нефункционирањето или непостоењето на средношколски организации во средината во која живеат младите. Најнеинформирани се младите од Чаир, Кисела Вода и Куманово.

Од регионалните дискусии евидентно е дека голем дел од средношколците не ни знаат за постоењето на средношколските организации, а дел од нив не ја гледаат целта на нивното постоење кога истите не се вклучени во работата на ниту едно тело во образовните институции и немаат влијание во донесувањето на одлуки. Еден од заклучоците на регионалните дискусии е дека политизацијата е длабоко навлезена во постоечките средношколски организации и дека личните интереси на раководните структури ги маргинализираат интересите на средношколците.

Од друга страна, кога станува збор за претставувањето и застапувањето на интересите на студентите од страна на студентскиот парламент или други студентски организации, скоро подеднаков број на млади (38% и 35%) сметаат дека интересите на студентите се делумно претставени од страна и на студентскиот парламент и на другите студентски организации. Единствената разлика е што во поголем процент (36% наспроти 28%) младите не знаат дали интересите на студентите се претставени од страна на другите студентски организации во споредба со студентскиот парламент.

Наодите од регионалните дискусии покажаа оти младите сметаат дека треба да постојат повеќе студентски организации и студентите треба сами да одлучат прво дали сакаат да членуваат во таква организација и второ во која студентска организација ќе членуваат. Генерален заклучок од дискусиите дека студентските организации се до корен политизирани и политичките партии ги користат студентите и студентските организации како политички мегдан за наметнување на своите ставови и застапување на интересите на политичките партии, а не на студентите. Според еден од присутните на дискусиите, од независноста на Македонија, ниту една власт не смогнала сили да ги остави на мира студентите за да можат тие да се занимаваат со своите проблеми и потреби и да имаат студентска организација која навистина ќе ги застапува нивните интереси.

И младите од своја страна делумно се заинтересирани да ги остварат своите права преку средношколските и студентските организации што покажува дека и младите и нивните организации покажуваат интерес и ангажман според побарувачката. Само 11% од испитаниците сметаат дека младите се заинтересирани да ги остварат своите права преку нивните организации и затоа активно се залагаат. Повеќе од една четвртина од младите не се воопшто заинтересирани, бидејќи сметаат дека нивните организации се партизирани и неефективни.




Младите на возраст 25-29 години во многу поголем број сметаат дека организациите кои треба да ги претставуваат и застапуваат нивните интереси не се ефективни и се партизирани. И наодите од регионалните дискусии не се разликуваат од наодите од истражувањето. Голем дел од младите не ни знаат кои се нивните претставници и какви активности се преземаат освен изборите за ново раководство кое во секој случај е нетранспарентно и партизирано. Младите воопшто не се мотивирани да учествуваат во работата на студентските организации, бидејќи истите не нудат ништо што е од интерес на студентите.

Кога станува збор за застапеност на младите во институциите и нивно учество во донесувањето на одлуки, мислењето на младите е дека се застапени, но не се вклучени во донесувањето на одлуки за што се определиле 32% од испитаниците. Скоро ист толкав процент (30%) од младите не се информирани дали младите се застапени во институциите и во донесувањето на одлуки, додека за 28% од испитаниците младите ниту се застапени во институциите, ниту се вклучени во донесувањето на одлуки.

И регионалните дискусии ги потврдија наодите од истражувањето за многу мала вклученост на младите во донесувањето на одлуки. Според дискутантите, и покрај фактот дека се поголем број на млади се вклучуваат во институциите, тие ретко учествуваат во донесувањето на одлуки, а кога и имаат таква можност тие ги застапуваат интересите на политичката партија на која припаѓаат, а не на младите. Ова може да значи дека младите кои се вклучени во институциите воопшто не се гледаат себе си како претставници на младите.

Една од причините за ваквите наоди може да биде мислењето на младите дека тие многу малку знаат за младинското учество и неопходна им е едукација за што се определиле 52% од испитаниците. Само 4% од младите сметаат дека знаат доволно за младинското учество и не им е потребна едукација.




Учеството на младите е најпотребно во училиштата и на факултетите т.е. во институциите каде младите луѓе поминуваат најголем дел од своето време. По нив следуваат локалните и национални институции и Советите на локалните самоуправи. Овој наод укажува дека младите се свесни каде треба да имаат најголемо влијание и учество во донесувањето на одлуки за да ги реализираат своите права и интереси. И во регионалните дискусии, учесниците сметаат дека младите треба многу повеќе да учествуваат во донесувањето на одлуки на локално ниво заради поголемите можности да влијаат врз донесувањето на одлуки кои ќе ги земаат во предвид интересите на младите.

**Според тебе каде е најпотребно учеството на младите?**

| | Фреквенција | % |
|---|---|---|
| Не одговорил | 15 | 1,4 |
| Во училиштата и факултетите | 456 | 43,8 |
| Во администрацијата | 131 | 12,6 |
| Во другите локални и национални институции | 195 | 18,8 |
| Во семејството | 48 | 4,6 |
| Во Собранието | 75 | 7,2 |
| Во Советите на општините | 120 | 11,5 |
| **Вкупно** | **1040** | **100,0** |

Многу мал процент на млади сметаат дека учеството е најпотребно во семејството. Тоа може да биде резултат на нивната вклученост во донесувањето на одлуки во семејството или на нивното размислување дека таму нивната улога е индивидуална додека со учеството во другите институции ќе придонесат за остварување на правата и интересите на многу поголема група на млади луѓе.

За да го зголемат своето учество во функционирањето на институциите и донесувањето на одлуки, младите треба според 37% од испитаниците да се организираат и да бараат поголема вклученост. Скоро ист број на млади (17%) сметаат дека треба да иницираат иницијативи, но и да се едуцираат за младинско учество. Ова дотолку повеќе што според 64% од младите во Република Македонија нема доволно младински иницијативи. И не само тоа, туку според 51% од младите не се одвојуваат доволно средства за реализација на младинските идеи и иницијативи на сите нивоа, додека 37% немаат информација.




Само 16% од испитаниците сметаат дека младите треба јавно да дискутираат за своите проблеми со цел да привлечат внимание и да предизвикаат реакција кај надлежните институции да преземат одредени активности за подобрување на младинското учество во донесувањето на одлуки.




Покрај едукацијата за младинско учество, на младите најмногу им треба работно место, па пари, по што следи добро образование.

**Што им е најпотребно на младите?**

| | Фреквенција | % |
|---|---|---|
| Не одговорил | 12 | 1,2 |
| Работно место | 369 | 35,5 |
| Добро образование | 223 | 21,4 |
| Пари | 242 | 23,3 |
| Доволно места за забава | 41 | 3,9 |
| Доволно можности за изразување на своите идеи | 153 | 14,7 |
| **Вкупно** | **1040** | **100,0** |

Работното место е најважно за испитаниците кои се на возраст над 20 години, додека за младите на возраст од 15-19 години најважни се парите. Исто така работното место е најважно за младите кои веќе имаат формирано семејство и кои се грижат не само за себе туку и за останатите членови од семејството.

Едукацијата на младите луѓе за младинско учество е потребна и заради зголемување на проактивноста на младите луѓе во решавањето на младинските проблеми. Само 22% од испитаниците сметаат дека младите се проактивни во решавањето на младинските проблеми, додека според 60% од испитаниците младите многу ретко се проактивни да ги решат своите проблеми. Најчеста причина за незаинтересираноста на младите да го поттикнат решавањето на нивните проблеми е слабата информираност која

може да се толкува на два начини: или институциите не ги информираат доволно младите или младите не се заинтересирани да ги примат информациите кои им се достапни. Подеднакво важни причини кои ги избрале младите покрај слабата информираност се системот на вредности во кој живеат и немањето на финансии за реализирање на нивните идеи. Секојдневието исполнето со политика и примерите во кои искрената заложба за решавање на проблемите не е на цена како и големата невработеност кај младата популација создава една состојба на летаргија и отсуство на мотив дека нивната ангажираност ќе предизвика некакви позитивни промени и ќе им се подобри животот.

И учесниците на регионалните дискусии сметаат дека младите треба да бидат проактивни и иницијативни за подобрување на нивната ситуација, но затоа ниту се мотивирани ниту се добро организирани. Како една од причините за слабата вклученост дискутантите ги наведоа недоволната информираност на младите, како последица на користење на канали за информирање кои не се користат од страна на младите и нивната преоптовареност во образовниот процес, па не им останува слободно време за младинска ангажираност.

Возрасна група која според испитаниците треба најмногу да биде вклучена во решавањето на младинските проблеми заради нивната иницијативност се младите луѓе на возраст од 21-25 години кои во најголем дел ја претставуваат студентската популација во земјата. Најнеиницијативни се младите на возраст од 11-15 години, што е и разбирливо бидејќи тие штотуку станале дел од младите и потребно им е време за да ги дефинираат своите потреби и активностите кои се неопходни за нивно задоволување.

Како најсоодветен и најкорисен начин да се зголеми иницијативноста на младите за 34% од испитаниците е да се обезбедат повеќе финансиски средства за младите. Зголемената отвореност на Владата и другите институции за младинските потреби ќе ја зголеми младинската иницијативност според 25% од испитаниците, додека 23% решението го гледаат во зголемената младинска информираност. Волонтерството како еден од начините за зголемување на иницијативноста на младите го поддржуваат 53% од испитаниците иако само 37% имаат волонтерско искуство. Овој наод се потврдува и на локално ниво согласно податоците од реализираните истражување на младинските потреби во 10 општини. Имено во некои општини само 15% од младите волонтирале досега. Само 19% од младите сметаат дека волонтирањето не е корисно, бидејќи секој работи за пари. Оние кои што сметаат дека волонтирањето е корисно, како најголема придобивка од ваквото искуство ја гледаат во подобрата подготовка на младите пред да стапнат на работното место за што се определиле 34% од испитаниците. Младите кои




членуваат во НВОи имаат многу поголемо искуство во волонтирање во споредба со оние кои не членуваат во НВОи.

Според учесниците на регионалните дискусии, младите многу малку се заинтересирани за волонтирање, бидејќи не ја гледаат користа од волонтирањето. Ова од проста причина што волонтирањето го поврзуваат со гаранцијата за добивање на работа, што може да биде резултат од волонтирањето, но не е цел сама по себе. Наодите од регионалните дискусии покажуваат дека младите треба повеќе да се информираат за целта и придобивките од волонтирањето.

### 4.2.1 Заклучоци

Младите во Република Македонија недоволно ги познаваат организациите кои треба да ги застапуваат нивните интереси, а уште помалку се заинтересирани своите права и интереси да ги остваруваат преку средношколските и студентските организации. И средношколците и студентите не се задоволни од почитувањето на нивните права и предност даваат на приватните универзитети во почитувањето на нивните права.

Застапеноста на младите во институциите не е на задоволително ниво, а и таму каде што ги има ретко се вклучени во донесувањето на одлуки. Покрај недоволниот интерес на претставниците на институциите да ги вклучат младите во донесувањето на одлуки, недоволната едукација на младите за младинско учество е дополнителна причина за нивната невклученост. Младите многу повеќе треба да бидат вклучени во донесувањето на одлуки во институциите каде што поминуваат најголем дел од нивното време како што се училиштата и факултетите, како и во локалните институции каде можат најмногу да повлијаат на донесувањето на одлуки во кои ќе се земат во предвид младинските потреби.

Локалните самоуправи и владините институции не одвојуваат доволно средства за младинските потреби и реализација на нивните идеи и многу малку придонесуваат во поттикнувањето на волонтеризмот кај младите иако поголем дел од младата популација го поддржува ваквиот ангажман на младите луѓе како подготовка за да стапнат поспремни на нивните идни работни места.

### 4.2.2 Препораки

- Да се ревидира улогата и функционирањето на средношколските организации и да се преземат активности за нивно заживување и застапување на интересите на средношколците. Да се разгледа можноста во заживувањето на овие организации да се вклучи и претставник на професорите како ментор кој ќе може да им помогне на младите да ја заживеат организацијата
- Да се разгледа законската можност за воспоставување и функционирање на студентските организации со што ќе им се даде можност на студентите да одлучат дали сакаат да членуваат во одредена студентска организација и во која. Тоа ќе овозможи студентски плурализам и поголема ангажираност на студентските организации да ги застапуваат интересите на студентите и да го зголемуваат своето членство и да го оправдаат своето постоење
- Воведување на едукативни содржини во формалното и неформалното образование за едуцирање и поттикнување на младите за вклучување во процесите на донесување на одлуки и важноста од нивното активно учество во истите
- Едукација на младите вклучени во институциите на локално и национално ниво за потребата од застапување на потребите и интересите на младите и нивната поврзаност со младинските организации за подобра координација и проток на информации
- Зголемување на застапеноста на младите во донесувањето на одлуки во образовните институции преку активирање и заживување на нивните организации кои ќе ги застапуваат и претставуваат интересите на младите во индивидуалните образовни институции
- Застапување пред локалните и националните институции за воведување или зголемување на буџетски ставки за поддршка на младински иницијативи, како и преземање на активности во насока на подобрување на ситуацијата на младите на полето на нивното дејствување

## 4.3 Вработување

Од вкупно 1040 испитаници во истражувањето, 601 или 58% се невработени. Само 26% имаат редовно вработување, додека останатите се со хонорарно вработување. Поголем дел од невработените млади луѓе живеат во градските средини и не постои разлика според полот дали младите луѓе се вработени или не. Според возрасните групи, половина од невработените се на возраст 15-19 години, што доведува до заклучок дека младите на оваа возраст сеуште се вклучени во образовниот процес, било да се средношколци или студенти. Најмалку невработени има во возрасната група 25-29 години и нивниот процент изнесува 30% од вкупниот број млади на оваа возраст.




Според етничката припадност, најголема е невработеноста кај ромската и турската популација со преку 70% на невработени. Во бројот на невработени, подеднакво учествуваат и оние кои завршиле средно образование и оние млади луѓе кои завршиле факултет. Единствено, младите кои завршиле магистратура се во поголем број вработени отколку невработени. Младите луѓе кои се во брачна заедница се многу почесто вработени во споредба со младите кои се самци. Ова може да наведе на заклучок дека младите прво чекаат да се вработат, па да засноваат брачна заедница. Интересно е што и оние млади кои сеуште се самци и се вработени во најголем број живеат со своите родители.

Младите кои се вработени, било по основ на постојана или хонорарна работа во најголем број или 22% имаат месечни примања помеѓу 7.000 МКД и 15.000 МКД, што е под нивото на просечната плата во Република Македонија. Само 2% од младите вработени имаат месечни примања кои се повисоки од 25.000 МКД. Кога станува збор за семејните приходи, 57% од семејствата имаат месечни примања кои се повисоки од 18.000 МКД. Можеби ова е и една од причината зошто младите луѓе и покрај тоа што се вработени живеат со своите родители т.е. семејниот буџет е поголем од индивидуалниот буџет и дава повеќе можности за задоволување на потребите на младите луѓе. Овој тренд да младите живеат со своите родители беше констатиран и во наодите од Основната студија за младински трендови во 2004 година и нема драстични промени во оваа сфера во изминатите шест години. Македонците како етничка

група се најбројни меѓу младите луѓе кои заработуваат повеќе од 20.000 МКД. Главна причина за невработеноста на младите според 43% од испитаниците е општата состојба на економијата во државата. Ако направиме споредба со наодите на Основната студија за причините за невработеноста евидентно е дека големата невработеност кај младите сеуште ги има истите корени. Тогаш, приватизацијата и затворањето на голем број претпријатија беше една од главните причини за невработеноста, што пак е резултат на економската ситуација во државата.

**Според вас, главна причина за невработеноста на младите луѓе е:**

| | Фреквенција | % |
|---|---|---|
| Не одговорил | 5 | 0,5 |
| Општата состојба на економијата во државата | 444 | 42,7 |
| Недоволна квалификуваност на младата работна сила | 78 | 7,5 |
| Незаинтересираност на младите луѓе за работа | 111 | 10,7 |
| Неангажираност на владата за вработување на младите | 248 | 23,8 |
| Отсуство на политика за економски развој (поттикнување на инвестиции и поддршка за отворање на мали и средни бизниси) | 154 | 14,8 |
| **Вкупно** | **1040** | **100,0** |

За 24% од младите непостоењето на државна политика за вработување т.е. неангажираноста на владата за вработување на младите е главна причина за невработеноста на младите луѓе. Само 8% од испитаниците сметаат дека немањето на соодветни квалификации за работа е главна причина за




невработеноста. Според младите, најлесно се доаѓа до работно место ако имаш пријателски/роднински врски или ако си член на политичка партија. Истото мислење го имале и младите пред шест години според наодите на Основната студија што значи во изминатиов период не се направиле никакви промени за да се подобри климата за вработување и да надвладеат други

критериуми кои ќе се поважни при вработувањето. Соодветното образование и претходното работно искуство само за 22% од младите е условот кој треба да се исполни за да се добие работно место. Дури и младите кои се членови на политички партии сметаат дека пријателските/роднинските врски и членството во партија помагаат најлесно да се дојде до работно место.

Од регионалните дискусии произлезе заклучокот дека во државата не постојат доволно квалитетни стратегии и политики за вработување на младите како на национално така и на локално ниво. Многу повеќе треба да се обрне внимание на развивање на политики кои ќе го поттикнуваат самовработувањето на младите, а за тоа е неопходна поддршка од страна на институциите. Иако има позитивен тренд кај приватните компании да вработуваат млади луѓе со соодветни квалификации, пријателските/роднинските врски се најсигурниот начин за вработување.

За 64% од испитаниците, постојаната работа е нешто што најмногу го посакуваат младите, особено оние на возраст над 21 година. Помладите повеќе преферираат сезонска или работа на проекти најмногу заради нивната вклученост во образовниот процес и неможноста континуирано да бидат вклучени во работниот процес. Кога би имале можност да бираат, во најголем дел или 47% од испитаниците сакаат да имаат сопствен бизнис.

Машките во поголем број од девојките преферираат да имаат сопствен бизнис и се повеќе претприемачки настроени. За 28% од младите работата во државна администрација е она за што сонуваат и во овој случај девојките повеќе сакаат да ја одберат оваа работа од машките. Младите на возраст до 19 години многу повеќе би сакале да имаат сопствен бизнис во споредба со другите возрасни категории кои повеќе сакаат да работат во државна администрација.




Активностите што ги презема Владата за намалување на невработеноста кај младите се непознаница за 73% од младите. Младите на возраст 15-19 години се најмалку информирани за ваквите активности на Владата, но тие и најмалку се вклучени во активната работна сила во државата која бара вработување.

## 4.3.1 Заклучоци

Невработеноста како проблем е присутен кај целата популација во Република Македонија, но таа е дополнително изразена кај младата популација пред се поради немањето на работно искуство за одредени работни места што е дополнителен хендикеп за младите. Младите ја посочуваат моменталната економска состојба во државата како причина број еден за големата невработеност на младите, меѓутоа економската состојба е последица на владините активности за поддршка на стопанството и функционирањето на бизнисите. Исто така не постојат посебни активности од страна на владата кои како целна група би ги зеле младите луѓе и потребата за нивно вработување.

Во Македонија сеуште преовладува мислењето дека треба да се има постојана работа и таквото размислување го делат и младите, бидејќи се смета дека постојаната работа е извор на стабилност и овозможува подолгорочни планирања. Се повеќе млади и тоа од помалите возрасни групи сакаат да имаат сопствен бизнис, наместо да бараат работа во други претпријатија и институции. Тоа значи дека помладите генерации се многу повеќе бизнис ориентирани и сакаат сами да се грижат за својата егзистенција. Проблемот е во денешно време што многу потешко е да се добие работа ако имаш добро образование и работно искуство, а многу полесно ако имаш роднински/пријателски врски или ако си член на политичка партија. Членството во политичка партија е важно во услови кога се бара работа во државната или локалната администрација, како и останатите јавни претпријатија кои се под капата на онаа партија која е на власт. За приватен бизнис , многу побитно е да се има квалификации и добар бизнис план.

Без разлика дали Владата или другите надлежни институции преземале или преземаат активности за намалување на невработеноста кај младите луѓе, недостасува соодветна информираност кај оние кои се најмногу засегнати од овој проблем, а тоа се младите луѓе.

## 4.3.2 Препораки

- Да се развиваат политики за вработување на национално и локално ниво кои ќе го поттикнуваат и поддржуваат претприемаштвото и ќе им помагаат на младите да основаат сопствени бизниси
- Да се интензивира и правилно насочува практичната настава во текот на образованието со цел младите луѓе да бидат подготвени да се вклучат на пазарот на активна работна сила и да најдат соодветно вработување
- Да се прават истражувања кои ќе покажат какви типови на занимања се потребни за пазарот на трудот со што во образовниот систем ќе се едуцираат млади луѓе кои ќе можат да најдат соодветна работа
- Да се воспостави континуирана соработка помеѓу бизнис секторот и образовните институции со цел младите да се стекнат со знаења, вештини и квалификации кои ќе бидат корисни за извршување на работни задачи во компаниите и ќе им овозможат полесно вработување на младите
- Да се промовира неформалното образование меѓу младите како еден од начините за стекнување со квалификации кои ќе им обезбедат на младите подобра позиција на пазарот на труд
- Да се промовираат различните типови на вработување кај младите со цел да можат да најдат работа која им овозможува да ги усогласат своите образовни потреби со можноста да заработуваат
- Да се подобри информираноста на младите за активностите кои ги преземаат националните и локалните институции во однос на младинското

вработување преку користење на канали кои се користат од страна на младите како електронски портали, социјални мрежи, радио и телевизиски канали кои се гледани од страна на младите

## 4.4 Младинско организирање

Само 23% од младите членуваат во некое здружение на граѓани. Младите од Струга и Кавадарци се најбројни во групата кои членуваат во одредена НВО. Исто така девојките се поактивни од момчињата во членување во НВОи, како и младите на возраст од 20-24 години. Во споредба со процентот на млади (35%) кои членувале во некое здружение на граѓани во 2004 година, се забележува намалување на оваа форма на општествена ангажираност на младите. Половина од младите кои членуваат во НВОи се невработени. Од младите кои членуваат во НВО, најголем број припаѓаат на организација која се занимава со човекови права. Покрај во ваков тип на организации, младите членуваат и во НВОи чија дејност е превенција од девијантни појави, образование и спорт. Момчињата се многу побројни како членови на невладини организации чија дејност е спорт, додека младите на возраст 15-19 години се најбројна група на членови во невладини организации чија дејност е превенција од девијантни појави.

Учесниците на регионалните дискусии сметаат дека младите немаат доволно информации за активностите на НВОи и заради тоа не се заинтересирани да членуваат во истите. Голем дел од НВОи немаат директни контакти со младите и не спроведуваат активности за привлекување и регрутирање на членови во НВОи. Ваквата нетранспарентност во многу придонесува и за негативното мислење кои го имаат младите за работата на НВОи. НВОите воопшто не ги користат погодностите кои ги дава Законот за волонтерство за да си ја зголемат волонтерската база и да ги привлечат младите да прават нешто корисно во слободното време.

**Според тебе, каква улога имаат НВОи во Република Македонија?**

| | Фреквенција | % |
|---|---|---|
| Не одговорил | 13 | 1,3 |
| Коректив на активностите кои ги презема Владата | 123 | 11,8 |
| Ја надополнуваат Владата во нејзината работа | 199 | 19,1 |
| Се грижат за решавање на оние прашања за кои Владата нема капацитет | 209 | 20,1 |
| Не придонесуваат ништо посебно | 180 | 17,3 |
| “Пералници“ на пари | 175 | 16,8 |
| Ги остваруваат интересите на странските донатори | 141 | 13,6 |
| **Вкупно** | **1040** | **100,0** |

Младите имаат поделено мислење за улогата на НВОи во Република Македонија. Скоро подеднакво младите сметаат дека НВОи се грижат за решавање на оние прашања за кои владата нема капацитет, како и дека ја надополнуваат владата во нејзината работа. Сепак не е мал бројот на оние коишто сметаат дека НВОи не придонесуваат ништо посебно, како и дека се пералница на пари. Машките во многу поголема мера гледаат негативно на улогата на НВОи во споредба со девојките. Интересно е што 32% од младите кои членуваат во невладини организации имаат негативно мислење за улогата на НВОи. Можно е тие млади луѓе навистина да членуваат во НВО која не

претставува пример за поддршка и помош на заедницата каде што работи организацијата или пак припаѓаат на партиски воспоставени НВОи, чија улога е сосем поинаква од застапување за интересите и потребите на целната група на организацијата. Генерално, 48% од младите имаат негативно мислење за функционирањето на граѓанските здруженија, што споредбено со негативното мислење (68%) кое го имале младите според Основната студија значи дека сепак имиџот на граѓанските здруженија се подобрил во изминатите шест години.

Наодите од регионалните дискусии покажуваат дека НВОи кои се фокусирани на остварување на нивните мисии треба да го кренат гласот против НВОи кои им го уриваат имиџот со скандали за злоупотреба на средства и нетранспарентно работење, бидејќи во спротивно никој, вклучувајќи ги и младите нема да имаат доверба во нивната работа и нема да изразат интерес за нивно вклучување во активностите на НВОи. Организациите треба поактивно да ги промовираат постигнатите резултати и промените кои ги постигнале во областите и заедниците каде работат. Само со континуирано присуство на терен и во медиумите НВОи ќе можат да ја стекнат довербата кај младите и да си го подобрат имиџот.




За 64% од испитаниците, младинските организации само делумно придонесуваат за подобрување на положбата на младите. Ист процент на млади луѓе сметаат дека младите се организирани, но тоа не е доволно за да ја подобрат сопствената положба. Младите на возраст до 19 години се многу поголеми ентузијасти во споредба со другите возрасни групи и сметаат дека младите се одлично организирани.

За три проценти повеќе (26%) младите членуваат во политички партии во споредба со нивното членство во невладините организации. Нивниот политички ангажман е многу поголем во помалите општини. Машките се во поголема мера политички ангажирани во споредба со девојките, додека младите на возраст над 20 години во поголем број се членови на политички партии. 33% од вработените членуваат во политички партии. Македонците и Албанците најмногу членуваат во политички партии во споредба со другите етнички групи. Членувањето на младите во политичките партии во споредба со наодите од Основната студија кога само 6% од младите изјавиле дека членуваат во политичка партија е драстично зголемено, што дополнително укажува на партизираноста на македонското општество и инволвираноста на младите во активностите на политичките партии. Повеќе од една третина од младите т.е. 33% во исто време се членови на политичка партија и на невладина организација. Тоа претпоставува ризик дека активностите на невладината организација може да се реализираат за потреби на политичката партија доколку младите кои членуваат и во едниот и во другиот тип на организација имаат управувачка или извршна функција во невладината организација. Споделувањето на членството помеѓу невладините организации и политичките партии може и доведува до перцепцијата која ја имаат младите за невладините организации, а тоа е дека се „пералници на пари“.

Од вкупниот број на млади кои се изјасниле дека членуваат во одредена политичка партија, 45% сметаат дека подмладокот на нивната политичка партија функционира добро. Само многу мал број на испитаници (13%) изјавиле дека подмладокот на партијата лошо функционира.

### 4.4.1 Заклучоци

Иако во Република Македонија постои огромен број на регистрирани невладини организации, многу мал дел од младите луѓе членуваат во невладините организации. Најатрактивни организации за младите луѓе се оние кои се занимаваат со човекови права или превенција од девијантни појави, како и спортските невладини организации т.е. спортските клубови кои им овозможуваат на младите активно да се занимаваат со спорт.

Поделени се мислењата на младите луѓе за улогата која ја имаат невладините организации во државата. Не може да се каже дека младите имаат позитивно или негативно мислење за НВОи и нивната улога, но неопходен е поголем ангажман на НВОи за подобрување на нивниот имиџ и привлекување на младите да станат членови во НВОи.

Одреден дел од младите во Македонија во исто време се и членови на политички партии. И покрај фактот што невладините организации декларативно се непрофитни и непартиски организации, во државата постои тренд на формирање на невладини организации кои се под закрила на политичките партии, па така дел од членовите на политичките партии стануваат и членови на невладини организации.

Младинските организации се или недоволно препознатливи или недоволно активни за да добијат свој заштитен знак преку кој младите ќе ги препознаваат и ќе се идентификуваат со нив, со што и улогата на младинските организации и нивото на младинското организирање ќе се подигне на повисоко ниво.

### 4.4.2 Препораки

- НВОи треба да организираат активности за привлекување на младите активно да се вклучат во нивната работа како корисници и реализатори на различни активности
- Младинските организации треба повеќе да соработуваат со образовните институции како јадра од каде можат да регрутираат членови и да помогнат во младинското организирање
- На локално ниво НВОи кои работат со млади треба да соработуваат меѓусебно со цел да влијаат на локалната самоуправа да поддржува младински иницијативи
- Младинските организации треба да се застапуваат за поголемо користење на можностите кои ги дава Законот за волонтерство за привлекување на поголем број млади да волонтираат и да ја разберат целта и корисноста од волонтирањето
- НВОи треба континуирано да ги информираат младите за постигнувањата со цел да го подобрат својот имиџ и да ја здобијат довербата на младите дека прават нешто корисно во општеството
- НВОи треба одлучно да реагираат на сите случувања во секторот, особено на оние кои го поткопуваат имиџот на секторот како што се партизирани организации кои наместо интересите на оние кои ги претставуваат ги застапуваат интересите на политичките партии

## 4.5 Култура, забава и спорт

Младите во Република Македонија, најголем дел од своето слободно време го поминуваат пред компјутер и на интернет или со друштво по кафулиња или пред телевизор. И за едната и за другата опција се одлучиле по една четвртина од испитаниците во истражувањето.

**Каде најчесто го поминувате слободното време?**

| | Фреквенција | % |
|---|---|---|
| Не одговорил | 9 | ,9 |
| Ангажман во НВОи | 85 | 8,2 |
| Културни активности | 79 | 7,6 |
| Спортски активности | 199 | 19,1 |
| Со друштво по кафулиња и пред телевизор | 257 | 24,7 |
| Пред компјутер и на интернет | 259 | 24,9 |
| Никаде посебно | 110 | 10,6 |
| Друго | 42 | 4,0 |
| **Вкупно:** | **1040** | **100,0** |

Уште 11% изјавиле дека никаде посебно не го поминуваат слободното време. Наодите од ова прашање укажуваат дека младите многу малку активно го користат своето слободно време. Ако поголемиот дел од денот исполнет со обврски го поминале седејќи на училиште, факултет или на работното место и слободното време го поминуваат седејќи пред компјутер, телевизор или во кафуле. Наодите за користење на слободното време се непроменети во споредба со наодите на Основната студија со мали измени во редоследот. Заради напредокот на информатичката технологија времето поминато пред компјутер и на интернет е драстично зголемено. Ова покажува дека ништо не е направено во изминатиот период што би ги мотивирало и поттикнало младите на поинаков начин да го користат своето слободно време.

Машките многу поактивно го поминуваат своето слободно време во споредба со девојките кои предничат во седење по кафулиња, како и неорганизирано поминување на слободното време. Интересен е наодот што сите возрасни групи подеднакво непродуктивно го поминуваат своето слободно време.

Разбирањето на младите на културата и културниот живот се разликува во зависност од индивидуалните интереси и сфаќања на испитаниците.




Најголем дел од младите или 33% културата ја сфаќаат како една комплексна појава која опфаќа посета на различни културни манифестации, театарски и кино претстави како израз на креативниот дух на луѓето и пополнување на слободното време. Само 6% се изјасниле дека не знаат како да го објаснат разбирањето на културата и најголем дел од нив спаѓаат во возрасната група до 19 години. Останатите културата и културниот живот го разбираат како еден сегмент, било да е тоа посета на кино или театар, или пак посета на други видови културни манифестации.

Без разлика како младите ја сфаќаат културата и културниот живот, најголем дел од младите (51%) се на мислење дека младите немаат пари за да посетуваат културни манифестации и да го збогатуваат својот културен живот.

Меѓутоа, поразувачки е тоа што 27% од младите не знаат дали нивните другари и пријатели имаат или немаат пари за да водат еден солиден и разновиден културен живот. Најнеинформирани се младите на возраст до 19 години и невработените. Од друга страна, тоа не значи дека доволните финансиски




средства за водење на разновиден културен живот е гаранција дека тој културен живот ќе биде и квалитетен. Според мислењето на најголем дел од испитаниците, младите во Скопје би требало да бидат задоволни од културната понуда, додека жителите на останатите места се соочуваат со недоволна понуда на културни настани. Ова го мислат 45% од испитаниците. Друга група на млади луѓе кои сочинуваат 25% од испитаниците сметаат дека има доволно културни содржини, но тие се недостапни за младите и за оваа опција воглавно се определиле младите кои сметаат дека младите немаат пари за да можат да посетуваат културни содржини.

Сепак, голем процент на млади (21%) сметаат дека културната понуда која во моментот постои во Македонија не е добра. Најбројни во оваа категорија, како и во категоријата за недостапност на културните содржини до младите се




младите на возраст до 19 години. Младите на оваа возраст, ретко се вработени или остваруваат сопствен приход, па се зависни од родителите да добијат средства за посета на одредени културни содржини и заради тоа за нив културната понуда не е достапна. Според учесниците на регионалните дискусии безличната и недоволната културна понуда е причината на слабиот интерес кај младите да посетуваат културни манифестации. Според истражувањата на младинските потреби во 10 општини, оние општини кои како приоритет ја имаа одредено културата, спортот и забавниот живот во најголем дел или немаат доволно културни објекти, или пак тие што постојат се недостапни, руинирани и несоодветни. Исто така многу малку во општините се размислува за искористување на одредени локации како алтернативни културни простори. Исто така немањето континуитет во организирањето на културни манифестации во текот на целата година придонесува да се намали интересот кај младите луѓе. Дополнително, младите луѓе речиси воопшто не се вклучени при подготовката на програмите на културните институции, што доведува да се креира понуда кој не одговара на побарувачката. Учесниците на регионалните дискусии го делат мислењето со испитаниците од анкетата дека и финансиските средства преставуваат поголем проблем за младите редовно да посетуваат културни манифестации.

Наједноставно овој проблем би се решил, доколку Владата и Министерството за култура овозможат бесплатни карти за културните манифестации за младите. На ова мислење се 35% од испитаниците. Уште едно решение за проблемот би било овозможување попусти на влезниците за младите луѓе за што се залагаат 30% од испитаниците. Групата на млади кои смета дека нема доволно добра културна понуда се залага како решение, овие институции да поттикнат организирање на културни манифестации бидејќи ги нема во доволен број. Невработените се најбројни во поддршката за попусти за билети или бесплатни карти за младите за посета на културни манифестации.

**Што според вас треба да направат Владата и Министерството за култура за да ги направат подостапни културните манифестации за младите?**

| | Фреквенција | % |
|---|---|---|
| Не одговорил | 12 | 1,2 |
| Да овозможи младите луѓе да имаат попуст при посета на културни манифестации | 314 | 30,2 |
| Да овозможи бесплатни карти за младите | 358 | 34,4 |
| Да поттикне организирање на културни манифестации бидејќи ги нема | 287 | 27,6 |
| Немаат обврска да го поттикнуваат организирањето на културни манифестации | 57 | 5,5 |
| Друго | 12 | 1,2 |
| **Вкупно:** | **1040** | **100,0** |

И додека за посета на културни манифестации, во голем број од случаите на младите им се потребни финансиски средства, за занимавање со спорт, особено ако се работи за рекреативно занимавање, се може и без финансиски средства но тоа не е доволна причина младите активно да се занимаваат со некој спорт. Само 35% од испитаниците активно се занимаваат со некој спорт, што го потврдува наодот дека младите најчесто своето слободно време го минуваат во изведување на други активности, а не спорт. Како што на едно од претходните прашања машките во најголем број одговорија дека своето слободно време го користат за да се занимаваат со спортски активности, така и сега машките во многу поголем број од девојките се занимаваат со спорт. Според размислувањата на учесниците на фокус групите, занимавањето со спорт треба да почне уште од најрана возраст, за што пак треба да се влијае на свеста на родителите да ги поттикнуваат нивните деца да се занимаваат со спорт. Исто така скапата спортска опрема, високите цени за изнајмување и користење на спортските објекти се една од причините за малата заинтересираност на младите за спорт.

Се поставува прашањето која институција треба да има најголема улога во поттикнувањето на младите да се занимаваат со спорт. Според 34% од испитаниците тоа треба да бидат училиштата и факултетите преку активирање и поддршка на училишните спортски клубови. Скоро ист број на млади 33% сметаат дека спортските клубови треба да организираат кампањи за привлекување на младите луѓе да им се приклучат и активно да се занимаваат со спорт. Една третина од испитаниците сметаат дека младите треба сами да се свесни за придобивките од занимавање со спорт, што очигледно не е на таков начин разбрано од младите луѓе, бидејќи тие не покажуваат никаква иницијативност за занимавање со спорт.

Сепак изградбата на спортски сали низ Македонија како проект на Владата и Министерството за образование и наука од страна на 64% од испитаниците е оценета како позитивна иницијатива и како потег кој беше потребен. Изградбата на овие објекти не значи сама по себе дека младите ќе започнат да се занимаваат со спорт. Според младите многу е битно, Владата, Министерството за образование и наука и Агенцијата за млади и спорт да изработат реална стратегија за развој на спортот и финансиски да ги потпомагаат спортските клубови. Уште една работа која е битна за поттикнување на младите да се занимаваат со спорт е поддршка од страна на надлежните државни институции на младите успешни спортисти кои ќе служат како пример и модел за другите млади луѓе и ќе ги поттикнуваат да се занимаваат со спорт.

И младите треба да имаат своја улога во подобрувањето на условите за занимавање со спорт.




Според 41% од испитаниците, младите треба поактивно да се занимаваат со спорт, додека за 37% од младите неопходно е младите да се едуцираат за важноста на спортот во развојот на здраво тело и здрав дух кај младите. И според учесниците на регионалните дискусии, едукацијата на младите за здрави животни навики е можност повеќе за младите да почнат поактивно да се занимаваат со спорт.

## 4.5.1 Заклучоци

Најголем дел од своето слободно време младите во Македонија го поминуваат непродуктивно. Или се пред компјутер и се дружат со своите врсници преку социјалните мрежи или гледаат телевизија, или пак седат со друштво по кафулиња. Многу мал дел од младите го поминуваат слободното време во природа, со прошетки или пак се занимаваат со спорт.

Младите немаат доволно финансиски средства за да ги посетуваат културните манифестации и други културни содржини, но прашање е дали кога и би имале дали би ги трошеле на вакви манифестации или по кафулиња. Додека во слободното време седат по кафулиња за каде исто се потребни финансиски средства, прашање е дали тие пари би ги потрошиле за билети за посета на културни содржини.

Изградбата на спортски сали низ Македонија од страна на младите е оценета како позитивен чекор и како нешто кое им беше потребно на младите луѓе посебно оние кои живеат надвор од Скопје, но објектите не можат сами да ги анимираат младите и да ги поттикнат поактивно да се занимава со спорт. Надлежните институции ја промовираат важноста на спортот во развојот на младиот човек, но поконкретни чекори се неопходни за да младите поактивно се занимаваат со спорт и првите зачетоци за тоа треба да бидат во најраната претшколска возраст.

### 4.5.2 Препораки

- Вклучување на младите при дизајнирање на понудата на културните институции
- Децентрализација на културните настани надвор од главниот град
- Воведување на попусти и бесплатни влезници за младите за одредени културни манифестации
- Соработка на училиштата и факултетите со културните институции со цел информирање на младите за културната понуда
- Кампањи за важноста на спортот како стил на живеење и кампањи за здрави животни стилови
- Едукација на родителите за важноста нивните деца од најрана возраст да посетуваат културни настани и да се занимаваат со спорт
- Да се организираат повеќе спортски настани поддржани од бизнис секторот
- Да се организираат масовни спортски настани со цел промоција на рекреативниот спорт, повторно со поддршка на бизнис секторот

## 4.6 Девијантни појави, социјална исклученост

Злоупотребата на алкохол и пушењето се две од големиот број на девијантни појави кои се најприсутни меѓу младите во македонското општество. Злоупотребата на алкохол е проблем според 27% од испитаниците, додека пушењето како негативна појава го одбрале 21% од испитаниците. Споредувањето на овие наоди со наодите на Основната студија од 2004 година, покажуваат дека ништо не е преземено на ова поле од страна на надлежните институции и другите општествени фактори или пак активностите за намалување и елиминирање на овие девијантни појави не биле соодветни, бидејќи ситуацијата е скоро иста. Злоупотребата на алкохол и пушењето биле и сеуште се најраспространетите девијантни појави меѓу младите. После овие две појави, следи злоупотребата на дрога која ја избрале 16% од испитаниците.

**Која појава е најприсутна кај младите?**

| | Фреквенција | % |
|---|---|---|
| Не одговорил | 17 | 1,6 |
| Криминал | 94 | 9,0 |
| Насилство | 55 | 5,3 |
| Злоупотреба на алкохол | 281 | 27,0 |
| Пушење | 216 | 20,8 |
| Злоупотреба на дрога | 171 | 16,4 |
| Игри на среќа/хазардни игри | 97 | 9,3 |
| Проституција | 11 | 1,1 |
| Незаинтересираност | 89 | 8,6 |
| Друго | 9 | 0,9 |
| **Вкупно:** | **1040** | **100,0** |

Лошата економска состојба и негрижата на општеството најмногу влијаат на ширењето на девијантните појави според 33% од испитаниците. Машките во поголем број сметаат дека лошата економска состојба влијае на ширењето на појавата, додека девојките сметаат дека и семејните проблеми придонесуваат во ширењето на девијантните појави. Исто така семејните проблеми се важни најмногу за младите на возраст до 19 години.

Девијантните појави треба да се третираат и да се преземаат различни видови на активности со цел да се намалат. Според 45% од испитаниците неопходно е да се врши континуирана едукација на младите за штетноста и последиците од девијантните појави. Исто така 39% од младите сметаат дека грижата на семејството е многу битен елемент за намалување на ширењето на девијантните појави, додека за 34% од младите, можностите за квалитетно користење на слободното време во многу ќе придонесе за намалување на девијантните појави.

Сепак активностите не треба да се ограничат само на намалување на девијантните појави, туку и преземање на превентивни активности со цел таквите појави да не се појавуваат во иднина. Според 38% од испитаниците, превентивните активности треба да бидат лоцирани во образовните институции, по што следува семејството како за кое се определиле 34% од испитаниците.

Според мислењата на учесниците на регионалните дискусии надлежните институции многу малку работат со младите луѓе со цел превенција на




девијантните појави и нивно намалување. Најчесто ваквите активности ги прави НВО секторот но само за определени групи млади заради ограничените ресурси со кои располага. Неопходна е постојна едукација на младите при што треба да се внимава на изборот на канали преку кои ќе се пренесуваат пораките до младите луѓе за штетноста и последиците од девијантните појави.

Постоењето на девијантните појави како и подложноста на младите луѓе на ваквите појави дополнително ја зголемува армијата на маргинализирани млади луѓе кои постојат во македонското општество. Според 65% од испитаниците бројот на младите маргинализирани групи е голем и поголемиот дел од овие маргинализирани млади луѓе припаѓаат на женскиот пол и живеат во руралните средини.

Младите се согласуваат дека е неопходно да се работи со оваа категорија на млади луѓе со цел да им се помогне да се интегрираат во општеството, но само 11% од испитаниците сметаат дека постојат доволен број на НВОи кои се залагаат да им помогнат. Други 23% од испитаниците сметаат дека постојат доволен број НВОи, но дека нивните заложби се минимални за да им помогнат на маргинализираните млади луѓе. Од друга страна и младите маргинализирани луѓе не помагаат многу да си ја подобрат ситуацијата. Според 36% од испитаниците тие ништо не прават, уште повеќе се изолираат и ја влошуваат својата ситуација. Ако не се изолираат, бараат помош од локалната самоуправа. Многу малку од оваа категорија на млади луѓе според испитаниците бараат помош од образовните институции за да не бидат изолирани.

### 4.6.1 Заклучоци

Злоупотребата на алкохол и пушењето се најраспространети девијантни појави кај младите луѓе. Не помогнаа многу законските норми со кои се забранува продажба на алкохол на малолетни лица, како и забраната за пушење во сите јавни простории во државата. Две дополнителни појави стануваат се поприсутни – тоа се игрите на среќа/хазардните игри и незаинтересираноста на младите која може да доведе до целосно отуѓување на младите луѓе.

Лошата економска состојба, негрижата на општеството како и семејните проблеми се сметаат за главни причинители на ширењето на девијантните појави помеѓу младите луѓе. Меѓутоа, тука не смее да изостане и едукацијата на младите, пред се превентивната едукација која треба да биде се поприсутна во однос на едукацијата за намалување на веќе постоечките девијантни појави. Образовните институции треба да бидат јадрото на ваквите превентивни активности, бидејќи најголемиот дел од своето време младите го поминуваат во нив.

Девијантните појави секогаш продуцираат дополнителен број на маргинализирани млади луѓе на кои им треба помош да се интегрираат во општеството. На оваа категорија на млади луѓе не им се обрнува доволно внимание ни од страна на државата, ни од страна на НВОи, а и самите млади луѓе дополнително си ја влошуваат сопствената состојба со тоа што не преземаат никакви иницијативи за подобрување на истата.

### 4.6.2 Препораки

- Да се продолжи со континуирана едукација на младите луѓе преку образовните институции со цел превенција на девијантните појави и намалување на истите
- Да се заложат институциите кои се надлежни (како училишта, ЦСР, НВОи) да преземаат координирани активности за спречување и намалување на девијантните појави
- Да се зајакне теренската (директната) работа со млади во насока на намалување на девијантните појави
- Поголема специјализација на НВО секторот за превенција и третман на одредени девијантни појави (алкохолизам, пушење, дроги, хазардни игри)

# 5. Наоди од мапирањето на младинските организации во Македонија

## *5.1 Општи податоци*

Во овој дел се обработени  општите податоци за вклученост на организации во мапирањето и нивниот правен статус. Исто така во овој дел се обработуваат и податоците за внатрешната структурираност и документите, како и приоритетните потреби на организациите.

Од вкупно 55 организации кои одговориле во мапирањето, 50 се со правен статус регистрирано правно лице, додека 5 се неформални организации.

48 од 55 организации се самостојни организации, 5 се мрежи, една е сојуз на организации, а една е коалиција. Сите 55 организации се со седиште во некој од градовите во Република Македонија, а ниту една нема седиште во рурално место.

Скоро половина од организациите (26) постојат помеѓу 7 до 15 години. 16 од организациите се релативно млади и постојат помеѓу 1- 6 години. Еден дел од организациите без оглед што постојат повеќе години, не се активни во сите години од своето постоење. Единствено организациите кои постојат 16 години и повеќе активно работат  во текот на целото свое постоење. Ако овие информации се споредат со Извештајот за младинските НВОи изработен во 2006 година ќе се увиди поклопување на наодот според кој најголем дел од младинските организации се формирани во периодот од 1996 – 2000 година.

**Табела 1 - Колку време постои организацијата?**

| | Број | % |
|---|---|---|
| помалку од 1 година | 2 | 3,6 |
| 1 - 3 години | 8 | 14,5 |
| 4 - 6 години | 8 | 14,5 |
| 7 - 9 години | 13 | 23,6 |
| 10 - 15 години | 13 | 23,6 |
| 16- 20 години | 6 | 10,9 |
| над 21 година | 5 | 9,1 |
| **Вкупно** | **55** | **100,0** |

**Табела 2 – Колку време активно работи организацијата?**

| | Број | % |
|---|---|---|
| помалку од 1 година | 2 | 3,6 |
| 1 - 3 години | 11 | 20,0 |
| 4 - 6 години | 9 | 16,4 |
| 7 - 9 години | 10 | 18,2 |
| 10 - 15 години | 12 | 21,8 |
| 16 - 20 години | 6 | 10,9 |
| над 21 година | 5 | 9,1 |
| **Вкупно** | **55** | **100,0** |

Два типови на организации доминираат во младинскиот сектор во Македонија според фокусот на работа: организации кои исклучиво работат на младински прашања и со целна група млади (49%) и организации кои работат со различни целни групи, а меѓу нив и со млади (34,55%).




36% од организациите (или 20 организации) во својата структура имаат Собрание, Управен одбор (согласно барањата на Законот за здруженија на граѓани и фондации), а исто толкав дел имаат и Надзорен одбор. 5 организации покрај овие тела имаат и Советодавно тело, а останати 5 организации имаат само Собрание и Управен одбор. Тука станува збор за организации кои по својот статус се фондации. 14 организации покрај Собрание, Управен одбор и Надзорен одбор во својата структура имаат редовни или повремени комисии на Управниот одбор.

45 организации имаат ажуриран стратешки план за тековниот период, 48 редовно изработуваат годишна програма за работа, а 31 организација објавува годишен извештај од своето работење. Годишниот извештај организациите најчесто го делат на своите членови во печатена форма или им го испраќаат по пошта, но исто така дел од нив го објавуваат и на веб страна.

На организациите најпотребни им се финансии за програмски активности, потоа следува потребата за финансии за плаќање на тековни трошоци (кирија и трошоци на одржување) и потребата за обуки за организациско работење. На четврто место е потребата од финансии за плати и придонеси за вработените.

### 5.1.1 Заклучок

Организациите во младинскиот сектор во Македонија во најголем дел имаат статус на регистрирано правно лице и се самостојни организации кои имаат седиште во некој од градовите во Република Македонија. Најголемиот дел од организациите се релативно зрели организации и постојат помеѓу 7 и 15 години, додека еден помал дел организации се релативно млади (16 од вкупно 55 организации) и зрели организации (11 од вкупно 55 организации). Најчесто времето на постоење на организациите не е показател на нивната активност, т.е. поголемиот дел од организациите иако постојат подолги години сепак не се активни во текот на целото свое постоење.

Поголем дел од организациите се профилирани да работат исклучиво на младински прашања и со целна група млади, но исто така голем дел од младинскиот сектор заземаат и оние организации кои всушност не припаѓаат во секторот бидејќи покрај другите целни групи кои ги третираат, работат и со млади.

Генерално, најголем дел организации ги имаат основните органи во својата структура (Собрание, Управен одбор, Надзорен одбор и Советодавно тело), но треба дополнително да се истражува функционалноста на овие органи во организациите. Најголемиот дел организации имаат стратешки планови и годишни програми, но треба дополнително да се истражува колкав дел од овие документи се следи и реализира. Исто така најголем дел од организациите го објавуваат годишниот извештај од своето работење.

На организациите во младинскиот сектор најпотребни им се финансии за програмски активности, финансии за плаќање кирија и тековни трошоци и обуки за организациско работење.

## 5.2 Целни групи и членство

60% или 33 организации работат со целна група млади воопшто. Понатаму од понудените избори на поспецифични целни групи млади по 42% или по 23 организации изјавиле дека работат со средношколци и студенти. 27% или 15 организации работат со маргинализирани групи млади меѓу кои како примери ги навеле, зависници од droги, припадници на малцински заедници како на пример Роми. Многу блиску до претходната група организации, по 25,5% или по 14 организации изјавиле дека работат со млади од руралните и млади од урбаните средини. Мал број од организациите работат со млади со посебни потреби и млади надвор од образовниот процес.

Ако се споредат наодите од прашањето со какви целни групи млади работат организациите и прашањето за тоа која е главната дејност на организацијата може да се забележат непоклопувања на дејноста со целната група. На пример, организации кои избрале дека главна дејност, или една од главните дејности им е економија, не избрале дека работат со невработени млади како специфична целна група, туку во најголем дел избрале дека работат со млади воопшто. Исто така, од 8 организации кои работат со лица со посебни потреби

само 2 организации како засебна целна група ги избрале младите со посебни потреби, а останатите 6 се распоредени низ целните групи, средношколци, млади од урбаните средини, талентирани млади и сл.

Контактот со целната група организациите го одржуваат на различни начини, но воглавно директно т.е. преку поканување на информативни средби (31 организација), преку анкети, фокус групи, интервјуа (20 организации), преку веб страна (27 организации), додека најмал дел од организациите тоа го прават преку печатени материјали (11 организации).

48 организации или 82% имаат над 15 членови, при што скоро во 50% од овие 48 организации има над 56 членови. Или поконкретно во 16 организации има над 100 членови (или 29% од вкупниот примерок организации), 10 организации имаат помеѓу 56 и 100 членови, до 35 членови имаат 22 организации и 10 организации имаат до 15 членови. Побројно членство имаат организациите кои постојат над 10 години.

**Табела 3 - Колку членови брои вашата организација (индивидуалци или организации)?**

| | Број | Процент |
|---|---|---|
| не одговорил | 1 | 1,8 |
| до 15 | 10 | 18,2 |
| 16 - 35 | 12 | 21,8 |
| 36 - 55 | 6 | 10,9 |
| 56 - 100 | 10 | 18,2 |
| над 100 | 16 | 29,1 |
| **Вкупно** | **55** | **100,0** |

85% од организациите водат регистар на членови. 45 организации имаат редовно членство, додека во мал број организации има и членство со ограничени права или друг вид на членство.




54,5% од организациите или 30 организации не наплаќаат членарина. Од тие што наплаќаат членарина 13 организации или 23% наплаќаат помеѓу 100 – 500 МКД, 2 наплаќаат помеѓу 500 – 1000 МКД и 2 наплаќаат помеѓу 1000 – 3000 МКД. Од вкупно 16 организации кои имаат и друг вид членство 4 наплаќаат членарина и тоа помеѓу 100 – 500 МКД.

**Табела 4 - Колку е износот на членарината редовни членки?**

| | Број | Процент |
|---|---|---|
| не одговорил | 1 | 1,8 |
| 100-500 МКД | 13 | 23,6 |
| 500-1000 МКД | 2 | 3,6 |
| 1000-3000 МКД | 2 | 3,6 |
| го прескокнува прашањето наплаќа членарина | 37 | 67,3 |
| **Вкупно** | **55** | **100,0** |

**Табела 5 - Колку е износот на членарината членки со ограничени права?**

| | Број | % |
|---|---|---|
| не одговорил | 4 | 3,6 |
| 100 - 500 МКД | 4 | 7,3 |
| го прескокнува прашањето | 47 | 85,5 |
| **Вкупно** | **55** | **100,0** |

Од 18 организации кои наплаќаат членарина само 5 организации успеваат да приберат 100% од членарината. Од нив 3 организации наплаќаат помеѓу 100 – 500 МКД. Најголем број или 10 организации успеваат да приберат помеѓу 60 – 80%, од нив 7 организации наплаќаат помеѓу 100 – 500 МКД. Организациите од членарината успеваат да покријат дел од трошоците за кирија, дневни трошоци и патни трошоци.

## *5.2.1 Заклучок*

Организациите во младинскиот сектор најчесто работат со повеќе целни групи млади. При тоа најголем дел од нив работат со младите воопшто. Поспецифично, организациите најчесто работат со средношколци и студенти, маргинализирани млади, млади од рурални и урбани средини. Многу мал дел организации работат со млади надвор од образовниот процес и млади со посебни потреби.

Ако се направи споредба помеѓу главната дејност на организациите и целните групи со кои работат, можат да се забележат отстапувања, т.е. дека не секогаш организациите ја избираат целната група соодветно на дејноста која им е главна. Тоа укажува на немањето конкретен фокус на работа кај организациите, но и на мешањето на категоријата млади (што е всушност по дефиниција целна група) и дејностите на организациите кои пак може да се однесуваат на различни целни групи, а не само на млади. Во тој контекст потребно е да се разграничи јасно интерсекторската природа на младинската политика, т.е. да се дефинира поимот младинска организација користејќи ги притоа критериумите за целна група, додека критериумот за дејност не е релевантен при дефинирањето.

Контактот со целната група се одржува најчесто преку информативни состаноци, што е карактеристично за младински организации каде се очекува да има и побројно членство. Овој заклучок се потврдува со фактот дека во најголем дел организации има над 56 членови. Но до некаде контрадикторно е што според анкетата со младите, само 23% од младите истакнале дека членуваат во НВО, а додека 26% членуваат во политички партии. Членството најчесто е редовно и се евидентира во регистар за членови. Иако членството се евидентира, сепак организациите најчесто не наплаќаат членарина. Треба дополнително да се истражува зошто организациите не наплаќаат членарина. При тоа од тие што наплаќаат најголем дел наплаќаат помеѓу 100 – 500 МКД, и најголем дел од нив успеваат да наплатат помеѓу 60 – 80% од членарината. Имајќи во предвид дека средствата од членарината не се големи, организациите со овие средства успеваат да платат дел од трошоци за кирија, тековни трошоци и патни трошоци.

## 5.3 Поле на работа

Младинските организации кои одговориле на прашалникот најмногу го избираат образованието за главна дејност. 32 организации го избрале образованието како главна дејност, потоа следуваат 23 организации кои ја избираат културата како дејност, 22 човекови права итн. Најмалку се избира економијата како дејност. Освен понудените дејности, во опцијата „друго“ организациите навеле дека се занимаваат со волонтерство, младински иницијативи, неформално образование, застапување и лобирање за млади.

Од понудените избори за методи на работа кои организациите најчесто ги користат, трите најкористени методи се информативни работилници и семинари (25 организации), обуки (19 организации), и акции на терен (16 организации). Во опцијата друго некои од организациите навеле дека давањето конкретни услуги е еден од нивните методи на работа. Во споредба со Извештајот за младинските НВО изработен во 2006 година во кој непосредната работа со млади е еден од преферираните методи на работа на организациите, во ова мапирање акциите на терен се трет приоритет во работењето на младинските организации.

### 5.3.1 Заклучок

Како што е напоменато во делот за целни групи, дефокусираноста на организациите преовладува и во изборот на главната дејност. Имено, иако во прашањето се бара да се избере главната дејност, најголем дел од организациите избираат по неколку дејности. Ова има два аспекти: ниска профилираност на младинските организации во конкретни дејности, што пак резултира со слаба експертиза во полето на работа и дефокусираност; значителен дел организации кои работат со различни целни групи меѓу кои и млади. Од методите за работа иако за младински организации би се очекувало да работат значително повеќе акции на терен, сепак овој метод е на трето место во изборот на организациите. Исто така, од горните наоди може да се види дека соодветно на дејноста која организациите најчесто ја избираат како главна дејност (образованието) е и методот на работа (информативни работилници и семинари и обуки).

## 5.4 Персонал и волонтери

42% од организациите или 23 организации немаат вработени, ниту хонорарци ниту со придонеси. 30 организации имаат вработени, претежно хонорарци. Во 25% од организациите кои имаат вработени или 14 организации, сите вработени се хонорарци, додека во 18% од организациите или 10 организации поголемиот дел се хонорарци, а помал дел се со придонеси.




Од тие организации кои имаат вработени најголемиот дел, 19 организации, имаат помеѓу 2 – 5 вработени. Во најголем дел од организациите кои имаат вработени (12) просечната плата се движи од 10.001 – 15.000 МКД. Само една организација има просечна плата над 25.001 МКД.

**Табела 6 - Доколку има вработени колку се на број?**

| | Број | % |
|---|---|---|
| не одговорил | 3 | 5,5 |
| 1 | 4 | 7,3 |
| 2-5 | 19 | 34,5 |
| 6-10 | 3 | 5,5 |
| 11 - 15 | 2 | 3,6 |
| над 15 | 1 | 1,8 |
| го прескокнува прашањето | 23 | 41,8 |
| **Вкупно** | **55** | **100,0** |

**Табела 7 - Колкава е просечната нето плата/хонорар на вработените во организацијата**

| | Број | % |
|---|---|---|
| не одговорил | 3 | 5,5 |
| до 6000 МКД | 4 | 7,3 |
| 7000 - 10000 МКД | 5 | 9,1 |
| 10001 - 15000 МКД | 12 | 21,8 |
| 15001 - 20000МКД | 5 | 9,1 |
| 20001 - 25000 МКД | 2 | 3,6 |
| над 25001МКД | 1 | 1,8 |
| го прескокнува прашањето | 23 | 41,8 |
| **Вкупно** | **55** | **100,0** |

Вработените во организациите најчесто се со завршен факултет и со средно образование. Или поконкретно во 23 организации (колку што навеле податоци за број на вработени со соодветно образование) има вкупно 141 вработен, 81 со факултет и 34 со средно образование.

**Табела 8 – Образовна структура на вработените**

| | |
|---|---|
| Основно образование | 3 |
| Средно образование | 34 |
| Висока школа | 12 |
| Факултет | 81 |
| Магистри | 10 |
| Доктори на науки | 1 |
| **Вкупно** | **141** |

Во 29% од организациите кои имаат вработени, вработувањата се спроведуваат најчесто по пат на отворен конкурс. Трите најпресудни фактори при вработување на луѓето се: искуството, мотивацијата и образованието.

Во 71% од организациите или во 39, редовно има волонтери. Во најголем дел од овие организации 47%, се води обичен список на волонтери, додека во 25% статусот на волонтерите е уреден според законот за волонтерство.

### 5.4.1 Заклучок

Поголем дел организации (30 организации) имаат вработени кои најчесто се со статус хонорарци, но исто така голем дел (23 организации) немаат вработени воопшто што укажува на непостојаност во делувањето на овие организации. Од друга страна пак бидејќи поголем дел од вработените се со статус хонорарци, може да се претпостави дека овие организации се проектно ориентирани и ги вработуваат и плаќаат луѓето само кога има добиен проект. Тоа пак значи дека не постои стратешки настап во развојот на организацијата, што во еден дел е предизвикано од недостатокот на финансии за јакнење на организациските капацитети и поддршка на организацискиот развој.

Најголем дел од организациите имаат помеѓу 2 – 5 вработени. Од податоците може да се заклучи дека во младинскиот сектор има навистина добра образовна структура на кадарот. Најголем дел од вработените се со факултет и средно образование, но во половина од тие 23 организации кои оставиле податоци има по еден магистер. Просечната плата кај најголем дел од организациите се движи помеѓу 10.001 – 15.000 МКД. Вработувањата најчесто

се спроведуваат по пат на отворен конкурс, а клучни фактори при избор на вработените се искуството, мотивацијата и образованието. Организациите редовно имаат волонтери, но и покрај постоечкиот закон за волонтерство најголем дел од нив водат само обичен список на волонтери, а не исплаќаат трошоци ниту водат соодветна евиденција како што предвидува законот. Ова делумно се должи на слабата информираност на организациите за спроведување на законот, недостатокот на инструменти за практична примена на законот и недоволно слободни финансии за исплата на основни трошоци на волонтерите.

## 5.5 Техничка и просторна опременост

Околу 60% од организациите се опремени со основна компјутерска и комуникациска опрема. 18 организации не ја обновиле опремата бидејќи немаат средства, додека 13 организации редовно ја обновуваат опремата.

**Табела 9 - Со каква техничка опрема располагате?**

| | Број | % |
|---|---|---|
| не одговорил | 1 | 1,8 |
| немаме никаква техничка опрема | 7 | 12,7 |
| основна компјутерска опрема, телефон, факс и интернет | 20 | 36,4 |
| основна компјутерска опрема, телефон, факс и интернет, ТВ и ДВД | 14 | 25,5 |
| друго, покрај наведеното | 13 | 23,6 |
| **Вкупно** | **55** | **100,0** |

76% од организациите немаат сопствено возило или користат приватно возило за потребите на организацијата.
75% од организациите имаат доволно мебел, од нив 45% располагаат со нов мебел, додека 29% располагаат со стар мебел.

Само 6 организации имаат сопствен простор додека најголем дел 21 организација работат во изнајмен простор и за него плаќаат кирија. 25 организации работат во простор кој им е доделен на користење без надомест на определено (12) или на неопределено време (13). Најголем број организации се сместени во простор од 51 – 100 м2, потоа 12 организации работат во простор од 13 – 30 м2, а 10 организации во простор над 101 м2.

**Табела 10 - Големина на просторот:**

| | Број | % |
|---|---|---|
| не одговорил | 2 | 3,6 |
| до 12м2 | 8 | 14,5 |
| 13-30м2 | 12 | 21,8 |
| 31-50м2 | 9 | 16,4 |
| 51-100м2 | 14 | 25,5 |
| над 101м2 | 10 | 18,2 |
| **Вкупно** | **55** | **100,0** |

### 5.5.1 Заклучок

Организациите се релативно добро опремени со потребната компјутерска и комуникациска опрема. Дел од нив кои работат во специфична дејност (на пример во култура) имаат и дополнителна опрема за озвучување, осветлување, опрема за превод и сл. Но, од друга стана организациите не располагаат со средства за редовна обнова на опремата. Најголем дел организации немаат сопствено возило и користат приватно возило за потребите на организацијата. По однос на мебелот организациите се добро опремени претежно со нов мебел во доволен број. Најголем дел организации работат во изнајмен простор, а 25 организации во простор кој им е доделен на користење без надомест на определено или неопределено време. Големината на просторот остава впечаток дека истиот е доволен за потребите на организациите. Најголем дел работат во простор од 51 – 100 м2.

## 5.6 Финансии

За 2008 година повеќе од половина организации работат со буџет поголем од 10000 еур. Односно, 10 организации работат со годишен буџет од 10000 – 30000 еур, 6 организации работат со буџет од 30000 – 50000 еур, 5 организации работат со буџет од 50000 – 100000 еур, а 7 организации работат со буџет над 100000 еур.

За 2009 година 32 организации работат со буџет поголем од 10000 еур. Односно, 13 организации работат со годишен буџет од 10000 – 30000 еур, 5 организации работат со буџет од 30000 – 50000 еур, 8 организации работат со буџет од 50000 – 100000 еур, а 6 организации работат со буџет над 100000 еур.

Во Табела 11 и 12 прикажано е во бројката во заграда колкав број од организациите во односната група се организации кои работат исклучиво на младински прашања и со целна група млади.

**Табела 11 - Колкав е годишниот буџет на вашата организација 2008?**

| | Број | % |
|---|---|---|
| не одговорил | 7(4) | 12,7 |
| до 1000 еур | 5(4) | 9,1 |
| 1000 - 5000 еур | 9(3) | 16,4 |
| 5000 - 10000 еур | 6(4) | 10,9 |
| 10000 - 30000 еур | 10(4) | 18,2 |
| 30000 - 50000 еур | 6(2) | 10,9 |
| 50000 - 100000 еур | 5(3) | 9,1 |
| над 100000 еур | 7(3) | 12,7 |
| **Вкупно** | **55** | **100,0** |

**Табела 12 - Колкав е годишниот буџет на вашата организација 2009?**

| | Број | % |
|---|---|---|
| не одговорил | 3(2) | 5,5 |
| до 1000 еур | 7(2) | 12,7 |
| 1000 - 5000 еур | 9(5) | 16,4 |
| 5000 - 10000 еур | 4(2) | 7,3 |
| 10000 - 30000 еур | 13(8) | 23,6 |
| 30000 - 50000 еур | 5(2) | 9,1 |
| 50000 - 10000 еур | 8(4) | 14,5 |
| над 100000 еур | 6(2) | 10,9 |
| Вкупно | 55 | 100,0 |

Организациите најчесто се финансираат од странски фондови. Потоа последователно од спонзорства од фирми, од буџетски средства (Влада), од средства на општините, од членарината итн. Споредбено со Извештајот за младинските НВОи изработен во 2006 година, спонзорствата се рангираат многу повисоко како извор на финансии за младинските организации.

Бидејќи најголем дел организации работат со буџет над 10000 еур, 82% изјавиле дека поднесуваат завршна сметка. Организациите најчесто еднаш годишно поднесуваат финансиски извештај пред членовите. Вака се изјасниле 35 организации. Исто толку организации не го објавуваат јавно својот финансиски извештај.

Само 16% од организациите спроведуваат финансиска ревизија на целокупното работење. 45% воопшто не спроведуваат, а 34% спроведуваат само на проекти. Од тие кои спроведуваат некаква ревизија најчесто ревизијата им ја спроведува домашна ревизорска куќа. За финансиите најчесто се грижи Претседателот/Извршниот директор, а поретко посебен Финансиски менаџер.



### 5.6.1 Заклучок

Најголем дел од организациите работат со буџет над 10000 еур годишно, при што бројот на вакви организации во 2009 година пораснал во однос на бројот на вакви организации во 2008 година. Главен извор на финансии и натаму се странските донатори, а потоа следуваат спонзорствата од фирми како најчест извор на финансирање.

Организациите поднесуваат годишна сметка во централниот регистар и најголем дел од нив еднаш годишно финансискиот извештај го презентираат пред членовите. Но по однос на јавноста, најголем дел од организациите не се транспарентни и не го објавуваат јавно својот финансиски извештај.

Најголем дел организации не спроведуваат финансиска ревизија, а од тие кои спроведуваат тоа најчесто го прават со домашна ревизорска куќа. Дополнително треба да се истражува зошто организациите не спроведуваат финансиска ревизија. Исто така кај најголем дел организации доминира централното управување со финансиите, бидејќи изјавиле дека Претседателот/Извршниот директор се грижи за финансиите. Помал дел организации имаат финансиски менаџер.

## 5.7 Препораки за јакнење на младинското организирање во Македонија

Младинскиот сектор од 2004 година (кога е изготвена првата Основна студија за младинските трендови) па до денес бележи бавен развој, ниско ниво на координација и тренд на оддалечување на организациите од младите како целна група. Во контекст на наодите од мапирањето на младинските организации се препорачува:

- Дополнително да се истражи функционалноста на структурата на младинските организации, како и применливоста на подготвените организациски документи како што се стратешки планови и годишни програми. Според теренските сознанија поголем дел од младинските организации имаат потреба од функционална структура која ќе биде во функција на работењето на организацијата. Исто така гледано од аспект на ефектите врз младите кои се очекуваат преку активностите кои ги спроведуваат младинските организации, може да се заклучи дека применливоста на зацртаните стратегии и програми е на ниско ниво. Најчесто младинските активности имаат минимални ефекти, кои се резултат на изолирани интервенции кои тешко се надоврзуваат една на друга. Во тој контекст се препорачува да се спроведи подетална оценка на потребите за обуки за јакнење на организацискиот капацитет на младинските организации, со цел да се утврди какви специфични обуки или пак друг вид на поддршка е најдобра за организациите.
- Согласно наодот од мапирањето, младинските организации имаат потреба од финансии за програмски активности како прв приоритет и во тој контекст се препорачува на националните мрежи и организации кои работат со млади да ги засилат активностите за лобирање со цел одвојување на средства за младински активности како посебна буџетска ставка во буџетот на Агенцијата за млади и спорт, но и на другите национални и локални институции. Активностите за лобирање треба да бидат повидливи и да се темелат на аргументи.

- Во контекст на потребите на младинските организации се препорачува сериозно да се разгледа идејата за воспоставување национална мрежа/платформа/совет кој би делувал преку свои ограноци и на локално или регионално ниво. Понатаму се препорачува дистрибуција на фондови за младинските организации преку оваа платформа како би се покриле основните трошоци за опстанок на младинските организации. На ваков начин покоординирано ќе се трошат средствата кои се на располагање, а и ефективноста би била поголема.
- Бидејќи профилираноста на младинските организации е на ниско ниво што резултира со дефокусираност во работата со целните групи и дефокусираност по однос на основната дејност со која се занимава организацијата, се препорачува да се воспостават и/или ревидираат критериумите за утврдување на статусот младинска организација. При тоа за доделување на статусот младинска организација се препорачува да се исклучат критериумите за дејноста која ја извршува организацијата, а да се размислува за критериуми кои ја определуваат организацијата согласно целните групи со кои работи, но и персоналот со кој располага за да може да делува кон целните групи.
- По однос на развивање на експертиза на младинските организации за работа во одредени дејности се препорачува да се подготви план за јакнење на капацитетите на младинските организации во различните области кои ги покрива НСМ. Во тој план да се опфатат информативни активности со цел зголемување на информираноста на организациите за политиките и активностите во специфичните дејности, активности за јакнење на истражувачките капацитети на организациите, активности за поголем опфат на целната група со која работат организациите, студиски посети во ЕУ земјите и другите балкански земји, како и формирање на младински секторски мрежи, т.е. мрежи кои ќе вклучуваат младински организации кои работат во една иста специфична дејност.
- По однос на развивањето на методите за работа, се препорачува да се користат методи за директна работа со корисниците со цел третирање на приоритетни потреби на младите кои веднаш ќе дадат видливи ефекти. Тоа пак значи да се намалат едукативните активности кои се спроведуваат со цел подигнување на свеста на младата популација во различни сфери.
- Заради непостојаноста на младинските организации и големата флуктуација на младите низ младинските организации, неопходно е паралелно со воспоставувањето на младинска структура на национално и на локално ниво и трансфер на фондовите за млади преку таа структура, да се издвојат посебни средства за одржување на вработен персонал во организациите во минимален број со цел да се одржат човечките ресурси и да се задржи правецот на делување на организациите. Секако оваа препорака подразбира да се спроведува процес низ кој преку точно утврдени критериуми ќе се дефинира кои организации можат да бидат корисници на такви средства.
- Заради засилување на напорите на младинските организации за одвојување на повеќе средства од буџетот на државата за младинските потреби, се препорачува младинските организации да спроведат процес на стандардизација на младинскиот сектор. Тоа би вклучило да се утврдат основни стандарди во работењето на младинските организации по однос на структурата, управувањето, административно – техничките процедури, работата со целната група и сл.
- За младинските организации се препорачува да воведат членарина во своето работење и да ја употребуваат како средство за приближување на организацијата до членството т.е. до целната група. За таа цел организациите соодветно на висината на членарината треба да

дефинираат во кои цели истата ќе се употребува, а при тоа да се максимизираат придобивките за членството.

- Проблемите со простор за работа на младинските организации би можеле полека да се надминуваат доколку се отвори прашањето за повраток на некои од објектите кои некогаш биле во сопственост на младинскиот совет. При тоа клучната цел не е да се стекне сопственост над објектите од страна на младинските организации, туку објектите кои служеле како младински центри повторно да ја добијат истата функција. Овој процес може да започне најпрво од локално ниво, па на база на успешните примери да се проширува.
- Заради подобрување на имиџот на младинските организации како општо во јавноста така и конкретно во целната група се препорачува младинските организации да обезбедат поголема видливост на своите активности и поактивно да известуваат за средствата кои ги добиваат и намените во кои ги трошат. Исто така во насока на зголемување на транспарентноста организациите би можеле да се погрижат јавно да ги објавуваат финансиските извештаи од работењето и истите да ги прават на начин кој ќе биде разбирлив за младите.

# 6. Краток компаративен приказ на младинското организирање во Македонија, ЕУ и Балканските земји

Во рамки на Анализата на законската регулатива спроведена од Коалиција СЕГА во текот на 2010 година анализирани се практиките на правно регулирање на младинската сфера и младинското организирање и тоа во ЕУ воопшто,во Словачка, Словенија, Хрватска, Босна и Херцеговина, во Србија и Во Македонија.

Според анализата доминира состојба во која младинската сфера поретко е правно уредена, додека во повеќето примери постојат документи кои имаат важност на стратегии, т.е. таканареченото „soft law“ според кое се спроведува младинската политика во тие земји. Анализата детектира два клучни аспекти кои се уредуваат и тоа аспектот на младите како посебна категорија на граѓани и аспектот на младинско организирање.

Во Македонија не постои законска регулатива специфично насочена кон младите и младинските организации. Младинската политика е уредена со Националната стратегија за млади и со Акциониот план за спроведување на стратегијата. Заради интерсекторската природа на младинската политика, младинските прашања се регулираат преку секторските закони и политики, додека пак младинското организирање не е издвоено како посебно и припаѓа во рамки на Законот за здруженија на граѓани и фондации.

По однос на младите како посебна категорија граѓани во ЕУ со донесувањето на Стратегијата „Младина – инвестирање и поттикнување“ се дава посебно внимание на оваа целна група која покрај детерминирањето како категорија граѓани на одредена возраст, уште се дефинира и според критериумите на вулнерабилност и маргинализираност во поглед на социо – економската состојба. За значењето кое младите го добиваат како посебна категорија граѓани говори и одредувањето на посебни финансиски линии како на пример Програмата Млади во Акција и делувањето на Европската младинска фондација како финансиски поддржувачи на младинските активности. Во земјите кои се предмет на анализата нема посебни активности за дефинирање на младите како категорија граѓани, туку во рамки на сферата младинско организирање се опфаќаат и младите како носители и корисници.

Од аспект на структурата на младинското организирање на ниво на ЕУ, во рамки на Советот на Европа постои Директорат за млади и спорт, а исто така постои и Европскиот Младински Форум како младинска платформа во која членуваат национални младински совети од земјите во ЕУ, но и од други земји. Во однос на младинското здружување во земјите на ЕУ може се констатира дека скоро сите земји членки на ЕУ имаат Национален Младински Совет, повеќе од две третини имаат локални младински совети додека барем петнаесетина од земјите членки имаат регионални младински совети. По овој пример се уредува и младинското организирање во земјите кои се предмет на анализата. Па така во Словачка има Словачки младински совет, во Словенија има независен Национален младински совет, во Хрватска постои Мрежа на Млади на Хрватска, во Србија се основа Коалиција на млади, а во Република Српска во рамки на БиХ постои Младински совет како чадор организација. Во поглед на легислативата во Словачка нема посебен закон за млади, но во 2008 година донесен е Закон за поддршка на младите со кој на некој начин се става акцент на младинската работа и младинското организирање. Во Словенија има

Закон за национални совети со кој се регулира делувањето на Националниот младински совет, во Хрватска е донесен Закон за совети на млади, а во Република Српска има еден унифициран Закон за млади. Во Србија постои младинска стратегија, но не е започнато правно регулирање на сферата.

По однос на институционалното спроведување на младинската политика скоро во сите земји кои се предмет на анализата постои тело/министерство на национално ниво издвоено како посебен субјект или пак во рамки на Министерството за образование, и постојат посебни регионални/локални комисии и/или Совети на млади во кои членуваат и младински организации кои учествуваат во креирање на младинската политика и во донесувањето одлуки. За сите овие тела обезбеден е посебен буџет на национално, односно на регионално и локално ниво.

Според препораките од оваа анализа битно е да се регулираат и двата аспекти дотолку повеќе што тоа е предвидено и со Националната програма за усвојување на Европското законодавство. Препораките предвидуваат да се донесе унифициран закон во кој би се дефинирала категоријата млади и би се уредил статусот на младинските организации како и прашањето на нивното финансирање. Исто така анализата ги потенцира можностите за воспоставување Национален младински совет и законско регулирање на советите на млади како официјални младински тела, а за кои веќе постојат пилот пракси во неколку општини во Македонија како на пр. Штип, Ресен и Радовиш.

Податоците кои се добиени од мапирањето на младинските организации се во прилог на горните препораки. Имено со регулирањето на младинското организирање се зголемуваат можностите за одвојување на младинските организации како посебен тип организации, а со тоа се зголемува и шансата за наменско распределување на фондовите до оние субјекти кои треба понатаму да ги употребат во насока на задоволување на младинските потреби. Понатаму, регулирањето на статусот младинска организација ќе овозможи и повисоко профилирање на организациите како во одредени области така и за работа со конкретни целни групи млади, а согласно експертизата со која располагаат младинските организации.

# 7. Прилози

## *Прилог 1 – Анкетен прашалник за мапирање на младинските организации*

### ПРАШАЛНИК ЗА МАПИРАЊЕ НА МЛАДИНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Почитувани,

Коалицијата на младински организации СЕГА спроведува проект со кој ќе се истражуваат младинските потреби на национално ниво и ќе се скенира состојбата со младинското организирање во Република Македонија. Преку овој прашалник спроведуваме мапирање на младинските организации со цел да се утврди моменталната ситуација со младинското организирање во Република Македонија, состојбата во која работат формите на младинско организирање и функцијата која ја остваруваат. Би ве замолиле објективно да го пополните прашалникот следејќи ги упатствата за одговарање кои се дадени во прашалникот. Пополнетиот прашалник испратете го на е – маил administrator@sega.org.mk. Доколку имате дополнителни прашања околу прашалникот или процесот на мапирање Ве молиме обратете се до Централната канцеларија на Коалиција СЕГА на тел. 048 429 390.

Ви благодариме за придонесот!

Коалиција СЕГА

### ОПШТИ ПОДАТОЦИ

1. **Име на организацијата**:
2. **Контакт податоци за организацијата**:

**Адреса**______________________________
**Телефон** _____________________________
**Е – пошта** ___________________________
**Веб страна** __________________________
**Контакт лице и негова позиција во организацијата**
______________________________________________

3. **Кратенка (доколку има)**_____________________________________

4. **Правен статус на организацијата**:
   а. Регистрирано правно лице
   б. Неформална (нерегистрирана) организација

5. **Од каков тип е организацијата**:
   а. самостојна организација
   б. сојуз на организации
   в. коалиција
   г. мрежа
   д. подружница на странска организација

6. **Каде се наоѓа организацијата (град, село)?**

____________________________________________________________

**7. Колку време постои организацијата?**

________________________________________________________

**8. Колку време активно работи организацијата?**

________________________________________________________

**9. Како би го дефинирале статусот на вашата организација според фокусот на работа**:

а. Организација која исклучиво работи на младински прашања и со целна група млади
б. Организација која има сектор за младински прашања
в. Организација во која работат млади луѓе, но не се занимава со младински прашања
г. Организација која работи со различни целни групи, а меѓу нив и со млади

**10. Кои органи ги имате во структурата на организацијата?**

а. Собрание
б. Управен одбор (или Извршен одбор)
в. Надзорен одбор
г. Редовни комисии на Управниот одбор
д. Повремени комисии на Управниот одбор
ѓ. Советодавно тело
е. Други (кои)______________________________________________

